Службен весник на Република Македонија

Број 24 **18 февруари 2015, среда** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
546.	**Закон** за акцизите (пречистен текст)……...	**4**
547.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино……	**23**
548.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево…….	**25**
549.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп. ……	**28**
550.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш……	**31**
551.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура АСНОМ - Гостивар……	**33**
552.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура Браќа Миладиновци – Струга……...	**36**
553.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура - Дебар……	**39**
554.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура Кочо Рацин - Кичево…….…...	**42**
555.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура – Крива Паланка	**45**
556.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово…….	**47**
557.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип…	**50**
558.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен…….	**53**

		Стр.
559.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи…….	**55**
560.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда……..	**58**
561.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски……..	**61**
562.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за економија……..	**63**
563.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство……	**67**
564.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство……..	**69**
565.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација…….	**72**
566.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за локална самоуправа……	**75**
567.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика……	**77**
568.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за животна средина и просторно планирање…….	**80**
569.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии.....	**82**
570.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за иселеништво……	**85**
571.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер……..	**88**
572.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита на личните податоци…….	**91**
573.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за локална самоуправа – Државен инспекторат за локална самоуправа……...	**108**
574.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈП „Македонски шуми“ – Скопје	**108**
575.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ – Скопје	**108**
576.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**108**
577.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**109**
578.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**109**
579.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**109**
580.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**109**
581.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**109**
582.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**110**

		Стр.
583.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**110**
584.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје	**110**
585.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип……	**110**
586.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново - Облешево……	**111**
587.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци……..	**111**
588.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила……..	**111**
589.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци……..	**112**
590.	**Програма** за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој……...	**112**
591.	**Правилник** за начинот на определување и поништување на матичен број на странец, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на странецот……	**113**
592.	**Правилник** за начинот и постапката на спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување……...	**117**
593.	**Правилник** за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи……..	**118**
594.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**119**
595.	**Одлука** за влегување во сила на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија……..	**121**
596.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**124**
597.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**127**
598.	**Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија…	**130**
599.	**Годишна наредба** за здравствена заштита на животните во 2015 година…….....	**133**
600.	**Решение** од Комората на извршители на Република Македонија……	**142**
601.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**142**
602.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**142**
603.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**143**
604.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**143**
605.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**143**
606.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**144**
607.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**144**
608.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**145**
609.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**145**
610.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**145**
611.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**146**
612.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**146**
613.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**147**
614.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**147**
615.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**148**
616.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**148**
617.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**148**
618.	**Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата……..	**149**
619.	**Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец јануари 2015 година……..	**152**
	Огласен дел.....	**1-40**

ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

546.

Врз основа на член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Републикка Македонија" бр. 167/14), Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12.02.2015 година, го утврди Пречистениот текст на Законот за акцизите.

Пречистениот текст на Законот за акцизите ги опфаќа: Закон за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2001), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/2002), Законот за изменување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2002), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2003), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/2004), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2005), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2008), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 105/2009), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2010), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011), Законот за изменување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2011), Законот за дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 135/2011), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2013), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2014), Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 167/2014) во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена, Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2001) и Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2013).

Бр. 11-802/1
13 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната
комисија на Собранието
на Република Македонија,
Светлана Јакимовска, с.р.

З А К О Н
ЗА АКЦИЗИТЕ
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

I. ПРВ ДЕЛ

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Област на примена

Со овој закон се уредуваат акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: акцизна територија), на:

- минерални масла,
- алкохол и алкохолни пијалаци,
- тутунски добра и
- патнички автомобили.

Член 2
Дефинирање на поимите

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

а) непостоење на услови за настанување на акцизен долг: доколку добра подлежни на акциза се најдат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, не настанува акциза;

б) постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг: одредбите од овој закон што се применуваат при производството, складирањето и транспортот на добра при непостоење на услови за настанување на акцизен долг;

в) Акцизен склад: секое место, на кое под услови утврдени со овој закон, во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг од страна на имател на акцизна дозвола се произведува, складира, прима или испраќа добро подлежно на акциза;

г) имател на акцизна дозвола: е лице, овластено од надлежниот орган, при извршувањето на својата дејност во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг во акцизен склад да произведува, складира, прима или испраќа добра подлежни на акциза;

д) добро подлежно на акциза: добрата од членот 1, на овој закон, поблиску определени во Вториот дел на овој закон;

ѓ) Царинска номенклатура: номенклатура согласно со Законот за царинската тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 45/97, 61/97, 26/98 и 15/2001);

е) акцизно-правен слободен промет: добрата подлежни на акциза, кои не се наоѓаат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, се наоѓаат во акцизно-правен слободен промет;

ж) увоз: За увоз на добра подлежни на акциза се смета нивното внесување во акцизната територија, кога тие се пуштаат во акцизноправен слободен промет;

з) имател на акцизно одобрение: лице, овластено од надлежниот орган, да употребува акцизни добра за повластени цели;

ѕ) производство во форма на здобивање: производствен процес во кој од неакцизно добро се добива акцизно добро;

и) производство во форма на преработка: производствен процес во кој акцизно добро се преработува во друго акцизно добро; и

ј) надлежен орган: Министерство за финансии - Царинска управа.

Член 3
Подлежност на акциза

Добрата наведени во членот 1 на овој закон се подлежни на акциза со нивното производство на акцизната територијата или со нивниот увоз. Додека се наоѓаат под царински надзор согласно со членот 4 став 2 на овој закон, овие добра се сметаат за подлежни на акциза.

Член 3-а

За сите прашања во врска со постапките соодветно се применуваат одредбите на Законот за даночна постапка, ако со овој закон поинаку не е уредено, а во врска со сите прашања на увоз и извоз на акцизни добра кои не се уредени со овој закон, се применуваат царинските прописи.

Глава II

ОДАНОЧУВАЊЕ

Член 4

Постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг

(1) За добра подлежни на акциза кои се наоѓаат во акцизен склад или се транспортираат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг не настанува акциза.

(2) Добрата подлежни на акциза, кои се наоѓаат под царински надзор согласно со царинските прописи, истовремено се смета дека се во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

(3) Министерот за финансии донесува поблиски прописи во врска со примената на ставот 2 на овој член, доколку тоа е потребно за обезбедување на даночните принципи.

Член 5

Акцизен склад

(1) Во акцизните складови можат да се произведуваат, складираат, примаат или испраќаат добра подлежни на акциза при непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

Производството може да биде во форма на здобивање или преработка, освен ако не е поинаку пропишано со одредбите на овој закон.

(2) Лицата кои сакаат да произведуваат, складираат, примаат или испраќаат добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, треба да поседуваат акцизна дозвола.

Член 6

Услови за стекнување акцизна дозвола

(1) Акцизна дозвола може да стекне само лице кое ги исполнува следните услови:

1) врши или има намера самостојно да врши дејност и има седиште во Република Македонија;

2) води уредно деловни книги согласно со важечките прописи и редовно поднесува годишни пресметки во последните две години;

3) против кое не е покрената постапка за стечај, односно ликвидација и

4) редовно ги исполнува даночните и царинските обврски.

(2) Доколку се појаваат знаци на нарушување на даночните принципи, дури и пред издавањето на акцизната дозвола треба да се приложи гаранција за акцизата, која под претпоставка ќе настане во периодот од два месеци за добра кои од акцизен склад ќе се пуштат во акцизно-правен слободен промет. Акцизната дозвола не може да се стекне во случаите кога не е исполнет еден од условите од ставот 1 на овој член, не е приложена гаранција за акцизата или приложената гаранција за акцизата е недоволна.

(3) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот и постапката на издавањето и видот на гаранцијата од ставот 2 на овој член.

Член 7

Барање за издавање акцизна дозвола

(1) Акцизната дозвола се издава врз основа на писмено барање.

(2) Писменото барање од ставот 1 на овој член треба задолжително да ги содржи следниве податоци: опис на дејноста и вид на акцизното добро за кое се бара акцизна дозвола; идентификација на лицето кое побарало акцизна дозвола; исполнетост на услови за спроведување на надзор на надлежните органи; природа и опис на поединечни производни постапки; податоци за уредите кои овозможуваат мерење на произведените, преработените, складираните и испорачаните акцизни добра согласно со меѓународните стандарди; начин на испорака на акцизните добра, висина на сопственичкиот капитал и на капиталот на содружниците, планирано годишно производство по количина, локација и опис на производните и складишните простории. Лицата кои се заведени во трговски или судски регистар треба да приложат извод од регистрација.

(3) За мерните уреди од ставот 2 на овој член, барателот на акцизна дозвола треба да поседува одобрение од надлежниот орган за стандардизација и метрологија.

Член 8

Издавање на акцизна дозвола

(1) Акцизната дозвола ја издава Царинската управа по претходна согласност на министерот за финансии.

(2) Акцизната дозвола се издава на подносителот на барањето и истата може да се отповика.

(3) Акцизната дозвола не смее да се пренесува на друго лице.

(4) Акцизната дозвола може да се однесува на еден или повеќе акцизни складови.

(5) Во акцизната дозвола треба да се наведат: имателот на акцизна дозвола, локацијата на акцизниот склад, односно складовите; видовите акцизни добра кои можат да се произведуваат, складираат, примаат и испраќаат во и од акцизниот склад; другите обврски на имателот на акцизниот склад; начинот на обезбедување на плаќањето на акцизата; кој орган е надлежен за надзор и периодот за кој се издава акцизната дозвола.

(6) Царинската управа одлучува по барањето за издавање акцизна дозвола во рок од два месеца од денот на приемот на барањето.

Член 8-а

(1) Согласно со членот 8 од овој закон Царинската управа по претходна согласност на министерот за финансии одлучува по барањето за издавање акцизна дозвола во рок од два месеца од денот на приемот на барањето.

(2) Доколку Царинската управа по претходна согласност на министерот за финансии не ја издаде акцизната дозвола, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на акцизната дозвола во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Царинската управа за донесување на решение по поднесувањето на барањето.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(4) Директорот на Царинската управа е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член до писарницата на директорот на Царинската управа да донесе решение со кое барањето за издавање на акцизна дозвола е уважено или одбиено. Доколку директорот на Царинската управа нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Царинската управа.

(5) Кон барањето за донесување решение од ставот (2) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето за издавање на акцизна дозвола од ставот(1) на овој член.

(6) Доколку Директорот на Царинската управа не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши инспекциски надзор во Царинската управа и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат од ставот (7) на овој член по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Царинската управа во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(9) Доколку директорот на Царинската управа не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој Директорот на Царинската управа ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку директорот на Царинската управа не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Царинската управа дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од став (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот, и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Во случајот од став (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(17) Доколку директорот на Царинската управа не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(18) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 9

Обврски на имател на акцизна дозвола

(1) Имателот на акцизна дозвола е должен:

1) да обезбеди соодветно чување на акцизните добра во акцизниот склад; да ги надгледува сите постапки, вклучително испораката и приемот на акцизни добра; да ги констатира загубите, односно кусоците; да ги истражи сите неправилности во работењето на акцизниот склад;

2) да обезбеди се што е потребно за непречено вршење на надзор;

3) да води евиденции на залихи на акцизни добра по видови и количества и евиденции за движењето на акцизните добра за секој акцизен склад и до Царинската управа да доставува тримесечен попис на залихи;

4) да ја известува Царинската управа за сите измени на податоците наведени во барањето за издавање акцизна дозвола и

5) во случај на статусна промена, проширување, ограничување или напуштање на дејност или основање и функционирање на нови акцизни складови, од Царинската управа да побара измена на акцизната дозвола.

(2) Ако Царинската управа утврди дека имателот на акцизната дозвола не ги исполнува обврските од ставот 1 на овој член, определува рок за отстранување на неправилностите.

(3) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за содржината и начинот на водењето на евиденциите од ставот 1 точка 3 на овој член.

Член 10

Престанување на важењето на акцизната дозвола

(1) Акцизната дозвола престанува да важи:

1) ако имателот на акцизна дозвола-физичко лице почине;

2) со престанување на постоењето на правното лице имател на акцизна дозвола;

3) со враќање на акцизна дозвола и

4) ако Царинската управа ја одземе акцизната дозвола.

(2) Царинската управа донесува решение за одземање на акцизната дозвола ако нејзиниот имател повеќе не ги исполнува условите утврдени во неа, а особено: ако не обезбедува соодветен систем на надзор на состојбата на залихи и ако не врши пописи во роковите утврдени во акцизната дозвола; ако престанат да постојат причините и условите врз основа на кои е издадена акцизната дозвола; ако дозволата е издадена врз основа на непотполни или неточни информации; ако не ги отстрани неправилностите во рокот определен од Царинската управа; кога ќе започне постапка на стечај, односно ликвидација.

(3) Жалбата против решението од ставот 2 на овој член не го задржува неговото извршување. Царинската управа може до одлучувањето по жалбата да го одложи одземањето на акцизната дозвола ако оцени дека жалбата може да се прифати како основана.

(4) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот и постапката за престанување на важењето на акцизната дозвола.

Член 11
Транспорт на добра низ акцизната територија при непостоење на услови за настанување на акцизен долг

(1) Добрата подлежни на акциза смеат да се транспортираат при непостоење на услови за настанување на акцизен долг од еден во друг акцизен склад, или пак до имателите на акцизно одобрение, во рамките на акцизната територија.

(2) Добрата подлежни на акциза можат да се извезуваат од акцизен склад што се наоѓа на акцизна територија во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг. Царинската управа може да утврди случаи во кои постапката на непостоење на услови за настанување на акцизен долг при извозот ќе може да се замени со царинска извозна постапка, доколку истата ги обезбедува даночните принципи.

(3) Добрата подлежни на акциза можат по престанокот на царинскиот надзор во смисла на членот 4 став 2 на овој закон, да се транспортираат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг до акцизен склад или до имател на акцизно одобрение во акцизната територија.

(4) Доколку се појават знаци на нарушување на даночните принципи, имателот на акцизна дозвола за акцизниот склад од кој излегуваат добрата дава гаранција за транспортот. Надлежниот орган може по барање да дозволи, наместо испраќачот, гаранција за транспортот на добрата во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг да даде превозникот, царинскиот декларант или сопственикот на добрата.

(5) Добрата подлежни на акциза треба во случаите од ставот 1 на овој член неодложно да бидат примени во акцизен склад од страна на имателот на акцизна дозвола или од имател на акцизно одбрение, или пак во случаите од ставот 2 на овој член неодложно да се извезат од страна на имателот на акцизна дозвола.

(6) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за поединостите во врска со транспортот на добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

Член 12
Акцизен документ

(1) Секое добро подлежно на акциза кое се транспортира во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг е проследено со акцизен документ издаден од страна на испраќачот.

(2) Акцизен документ е документот кој го придружува транспортот на акцизни добра и со кој се докажува движењето на акцизни добра во постапка на непостоење на услови за настанување акцизен долг, или при извоз од акцизен склад во постапка на непостоење на услови за настанување акцизен долг, освен ако поинаку не е пропишано со овој закон.

(3) Доколку движењето на акцизни добра се врши меѓу акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, а за тоа постои стопанска потреба и не се нарушуваат даночните принципи, Царинската управа може да одобри, по претходна согласност од министерот за финансии, наместо акцизен документ примена на упростен акцизен документ.

(4) Формата, содржината начинот на издавање и примената на акцизниот документ ги пропишува министерот за финансии.

Член 13
Настанување на акцизата

(1) Акцизата настанува со предавање на добрата подлежни на акциза во потрошувачка во акцизен склад или со нивното изнесување од него, освен ако не се надоврзува користење на добрата во акцизниот склад ослободено од акциза или нова постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг. Акцизен должник е имателот на акцизна дозвола. Во случаите на противправно пуштање на добрата во акцизно-правен слободен промет, акцизен должник станува и лицето кое го извршило дејствието.

(2) Доколку доброто подлежно на акциза се произведе надвор од постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, акциза настанува со производството. Акцизен должник е производителот. Тој е обврзан, за доброто подлежно на акциза, за кое настанала акциза, неодложно да предаде акцизна пријава. Акцизата се плаќа веднаш.

(3) Добрата подлежни на акциза, кои се наоѓаат во акцизен склад во моментот на престанување на важењето на акцизната дозвола, важат за пуштени во акцизно-правен слободен промет, освен ако истите не се пренесат во друг акцизен склад во рок од десет дена од денот на престанување на важењето на акцизната дозвола. Акцизен должник е имателот на акцизна дозвола.

(4) Акциза настанува за кусокот кој ќе се утврди при пропишан или службено спроведен попис, освен доколку не се утврди губење на добрата. Калирањето се третира како губење на доброто. Акцизен должник е имателот на акцизна дозвола.

(5) Акцизата настанува и во моментот на излегување на добрата од постапката на непостоење на услови за настанување на акцизен долг при нејзиното транспортирање во таквата постапка, освен ако се работи за калирање на добрата. Истото важи и кога добрата не му се испорачуваат на примателот наведен во акцизниот документ, освен во случаите кога тие непосредно му се предаваат на друго лице во акцизната територија, кое е овластено за примање на добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг или во случаите на докажливо губење на добрата поради непредвидени околности или виша сила. Акцизен должник е испраќачот, или пак превозникот, царинскиот декларант или сопственикот на добрата, доколку некој од нив дал гаранција при постапката на испраќање на добрата наместо испраќачот. Акцизен должник ќе стане примателот на доброто на акцизната територија, доколку тоа се наоѓа во негово владение пред настанувањето на акцизата. Акцизен должник станува и лицето кое противправно го присвојува доброто.

(6) Акциза настанува за акцизно-повластени акцизни добра, кои се користат спротивно на нивната намена. Користење спротивно на намената се утврдува за случаите кога доброто подлежно на акциза ќе се користи спротивно на акцизно-повластеното користење наведено во неговата наменска цел или кога тоа веќе не може да се употреби за наменската цел. Акциза не настанува во случаите на губење на добрата поради непредвидени околности или виша сила. Калирањето се третира како губење на доброто поради непредвидени околности или виша сила. Акцизен должник е лицето кое поседува одобрение за акцизно-повластено користење, а го користи доброто спротивно на намената. Акцизниот должник треба за доброто подлежно на акциза, за кое настанала акциза, неодложно да предаде акцизна пријава, во која сам ќе ја пресмета акцизата. Акцизата се плаќа веднаш.

(7) Во случаите на увоз на акцизни добра на акцизната територија важат соодветните царински прописи (освен ако поинаку не е предвидено со овој закон) во

поглед на: настанувањето на акцизата, моментот кој е меродавен за нејзино пресметување, одредувањето на акцизниот должник, роковите за плаќање, враќањето и дополнителното плаќање на акцизата, како и за акцизната постапка.

Член 14
Акцизен период

Акцизен период за кој се пресметува и плаќа акциза е еден календарски месец, во кој настанала акциза.

Член 15
Пресметување на акцизата

(1) Акцизниот должник ја пресметува акцизата во акцизниот период доколку настанала акциза согласно со членот 13 на овој закон.

(2) При увоз на акцизни добра, акцизата ја пресметува надлежниот царински орган кој ја спроведува постапката на царинење.

Член 16
Поднесување акцизна пријава и плаќање на акцизата

(1) Акцизниот должник е должен да поднесе акцизна пријава и да ја плати акцизата за секој акцизен период во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец, освен ако поинаку не е пропишано со овој закон.

(2) Имателот на акцизна дозвола поднесува акцизна пријава во рокот предвиден во ставот 1 на овој член, и тогаш кога не настанал акцизен долг за соодветниот акцизен период.

(3) Ако имателот на акцизна дозвола има повеќе од еден акцизен склад, може да достави заедничка акцизна пријава за сите акцизни складови.

(4) Во случај на престанување на важењето на акцизната дозвола, поднесувањето на акцизната пријава и плаќањето на акцизата се вршат во рок од 30 дена од денот на престанувањето на важењето, освен во случај на стечај, ликвидација или спојување.

(5) Во случај на стечај, ликвидација или спојување доставувањето на акцизната пријава и плаќањето на акцизата се вршат во рок од 30 дена од завршените постапки.

(6) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на акцизната пријава.

Член 17
Акцизен надзор и утврдување акциза од надлежен орган

(1) Царинската управа со решение ќе ја утврди акцизата за соодветниот акцизен период, ако:

1) акцизниот должник не поднесе акцизна пријава во пропишаните рокови;

2) акцизата не е правилно пресметана, или не одговара на реално настанатата акциза и

3) се утврди во контрола дека евиденцијата на акцизниот должник е нецелосна или содржи неточни податоци.

(2) Пописот на акцизните добра на залиха, обележувањето и наменското користење на акцизните добра, покрај царинскиот орган го надгледува органот на пазарна инспекција и по потреба овластено лице од Министерството за внатрешни работи.

Глава III

АКЦИЗНИ ПОВЛАСТУВАЊА

Член 18
Акцизно-повластено користење

(1) Во рамките на акцизно-повластеното користење, добрата подлежни на акциза можат да се користат за наменски цели ослободени од акциза или со повластена акциза.

(2) Лицето кое има намера да користи добра подлежни на акциза за наменски цели со акцизно-повластено користење треба да поседува одобрение издадено од Царинската управа, освен за случаите од членовите 24 и 25 став 1 точки 2, 3, 5 и 6 на овој закон.

Член 19
Услови за стекнување на одобрение за акцизно-повластено користење

Одобрение за акцизно-повластено користење (во натамошниот текст: одобрение) може да се стекне само лице кое ги исполнува следниве услови:

1) врши или има намера самостојно да врши дејност и има седиште во Република Македонија;

2) води уредно деловни книги согласно со важечките прописи и редовно поднесува годишни пресметки во последните две години;

3) против кое не е покрената постапка за стечај, односно ликвидација и

4) редовно ги исполнува даночните и царинските обврски.

Член 20
Барање за издавање одобрение за акцизно-повластено користење

(1) Одобрението се издава врз основа на писмено барање.

(2) Писменото барање од ставот 1 на овој член треба задолжително да ги содржи следните податоци: опис на дејноста и вид на акцизното добро за кое се бара акцизно одобрение; идентификација на лицето кое побарало акцизно одобрение; исполнетост на услови за спроведување на надзор на надлежните органи; природа и опис на поединечни производни постапки; податоци за уредите кои овозможуваат мерење на испратени кон нив акцизни добра согласно со меѓународните стандарди; начин на испорака на акцизните добра, висина на сопственичкиот капитал и на капиталот на содружниците, планирано годишно производство по количина, локација и опис на производните и складишните простории. Лицата кои се заведени во трговски или судски регистар треба да приложат извод од регистрација.

(3) За мерните уреди од став 2 на овој член, барателот на акцизно одобрение треба да поседува одобрение од надлежниот орган за стандардизација и метрологија.

Член 21
Издавање на одобрение за акцизно-повластено користење

(1) Одобрението го издава Царинската управа по претходна согласност на министерот за финансии.

(2) Одобрението се издава на подносителот на барањето и истото може да се отповика.

(3) Одобрението не смее да се пренесува на друго лице.

(4) Во одобрението треба да се наведат: имателот на одобрението, местото на акцизно-повластеното користење; видовите и количините акцизни добра кои

можат да се користат во местото одобрено за акцизно-повластено користење; кој орган е надлежен за надзор и периодот за кој се издава одобрението.

(5) Царинската управа одлучува по барањето за издавање одобрение во рок од два месеца од денот на приемот на барањето.

Член 21-а

(1) Согласно со член 21 од овој закон Царинската управа по претходна согласност на министерот за финансии одлучува по барањето за издавање одобрение за акцизно-повластено користење во рок од два месеца од денот на приемот на барањето.

(2) Доколку Царинската управа по претходна согласност на министерот за финансии одлучи да не го издаде одобрението за акцизно-повластено користење, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на одобрението за акцизно-повластено користење во рокот од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Царинската управа заради донесување на решение по поднесеното барање.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува Министерот за финансии.

(4) Директорот на Царинската управа е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член до писарницата на Директорот на Царинската управа да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрението за акцизно-повластено користење е уважено или одбиено. Доколку Директорот на Царинската управа нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Царинската управа.

(5) Кон барањето за донесување решение од ставот (2) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето за издавање на одобрението за акцизно-повластено користење од ставот (1) на овој член.

(6) Доколку директорот на Царинската управа не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши инспекциски надзор во Царинската управа и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат од ставот (7) на овој член по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Царинската управа во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(9) Доколку директорот на Царинската управа не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Царинската управа ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку Директорот на Царинската управа не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (11) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (10) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Царинската управа дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од став (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(15) Во случајот од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(17) Доколку директорот на Царинската управа не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(18) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 22

Обврски на имателот на одобрение за акцизно-повластено користење

(1) Имателот на одобрението е должен:

1) да обезбеди соодветно чување на акцизните добра во складот; да ги надгледува сите постапки, вклучително испораката и приемот на акцизни добра; да ги констатира загубите, односно кусоците; да ги документира и кај Царинската управа да ги пријави сите неправилности при акцизно-повластеното користење;

2) да обезбеди се што е потребно за непречено вршење на надзор;

3) да води евиденции на залихи на акцизни добра по видови и количества и евиденции за движењето на акцизните добра и до Царинската управа да доставува тримесечен попис на залихи и

4) да ја известува Царинската управа за сите измени на податоците наведени во барањето за издавање одобрение.

(2) Ако Царинската управа утврди дека имателот на одобрението не ги исполнува обврските од претходниот став, определува рок за отстранување на неправилностите.

(3) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за содржината и начинот на водењето на евиденциите од ставот 1 точка 3 на овој член.

Член 23

Престанување на важењето на одобрението за акцизно-повластено користење

(1) Одобрението престанува да важи:

1) ако имателот на одобрението-физичко лице почине;

2) со престанување на постоењето на правното лице имател на одобрението;

3) со враќање на одобрението и

4) ако Царинската управа го одземе одобрението.

(2) Царинската управа донесува решение за одземање на одобрението ако неговиот имател повеќе не ги исполнува условите утврдени во него, а особено: ако не обезбедува соодветен систем на надзор на состојбата на залихи и ако не врши пописи во роковите утврдени во одобрението; ако престанат да постојат причините и условите врз основа на кои е издадено одобрението; ако одобрението е издадено врз основа на непотполни или неточни информации; ако не ги отстрани неправилностите во рокот определен од надлежниот орган; кога ќе започне постапка на стечај, односно ликвидација.

(3) Жалбата против решението од ставот 2 на овој член не го задржува неговото извршување. Царинската управа може до одлучувањето по жалбата да го одложи одземањето на одобрението ако оцени дека жалбата може да се прифати како основана.

(4) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот и постапката на престанување на важењето на одобрението за акцизно-повластено користење.

Глава IV

АКЦИЗНИ ОСЛОБОДУВАЊА

Член 24

Акцизни ослободувања за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации

(1) Добрата подлежни на акциза се ослободуваат од акциза, без да се нарушат одредбите од Вториот дел на овој закон, во следните случаи:

1) за промет во рамките на дипломатските и конзуларните мисии врз основа на посебни спогодби склучени со земјата-испраќач, а врз основа на начелото на реципроцитет;

2) за меѓународни организации, признати од земјата домаќин, како и нивните членови, согласно со условите кои се утврдени со меѓународните договори за основање на овие организации или во договорите за одредување на нивните седишта и

3) за воените сили на договорните страни на Северноатлантскиот Пакт, и тоа за употреба и потрошувачка од страна на силите или нивниот персонал или за снабдување на нивните казина и кантини.

(2) Акцизните добра ослободени од плаќање акциза согласно со овој член не смеат да се отуѓат, освен ако се плати акциза.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член за промет на акцизната територија ослободувањето од акциза се врши по пат на враќање на платената акциза.

(4) Доколку странското дипломатско или конзуларно претставништво набави акцизни добра за службени потреби, на барање на претставништвото ќе му се изврши враќање на акцизата, доколку е платена фактурата, а износот на фактурата надминува 5.000 денари, вклучувајќи го данокот на додадена вредност. Враќањето се врши врз основа на посебни спогодби склучени со државата - испраќач, во согласност со условите на реципроцитет.

(5) Враќањето на акцизата му се одобрува и на шефот на дипломатското претставништво, на членовите на дипломатскиот персонал на странското дипломатско претставништво, како и на конзуларни функционери, доколку наведените лица стекнале акцизни добра за лични потреби или за потреби на членовите на семејствата кои ги сочинуваат нивните домаќинства, доколку е платена фактурата, а износот на фактурата надминува 5.000 денари, вклучувајќи го данокот на додадена вредност. Враќањето се ограничува на вкупен износ од 50.000 денари за соодветната календарска година. При набавката на патнички автомобил, враќањето на акцизата се одобрува еднаш во три години, освен во случаите на неопходна набавка на нов патнички автомобил како замена за стариот, после настаната кражба или тешко оштетување. Акцизата за ваквата набавка не се засметува во максималниот износ за враќање од 50.000 денари.

(6) При набавката на патнички автомобил како замена за стариот пред истекот на три години по набавката на заменетиот патнички автомобил, се враќа износ на акциза кој соодветно одговара на должината на временскиот период во кој се користел патничкиот автомобил кој се заменува, доколку за ваквата набавка било одобрено враќање на акцизата.

(7) Акцизата ќе им се врати, на барање, на меѓународни организации и нивните членови за прометот на акцизни добра извршени спрема нив, според условите и ограничувањата утврдени со меѓународни спогодби.

(8) Начинот и постапката за враќање на акцизата од ставовите (4), (5), (6) и (7) на овој член ја пропишува министерот за финансии со прописот од членот 58 на овој закон.

Член 25

Други акцизни ослободувања

(1) Добрата подлежни на акциза се ослободуваат од акциза без да се нарушат одредбите од Вториот дел на овој закон, во случаите кога:

1) се користат како проба за анализа, за неопходни производствени тестови или научни цели;

2) се уништуваат под царински надзор;

3) се денатурираат под царински надзор;

4) се користат за научно-истражувачки цели;

5) патникот ги носи со себе од странство во својот личен багаж, ако не се од комерцијална природа и

6) минерални масла и гас кои се наоѓаат во стандардните резервоари на моторни возила или авиони кои доаѓаат од странство и не се наменети за натамошна продажба и се ослободени од плаќање увозни давачки согласно со царинските прописи.

(2) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за примената на одредбите на овој член.

Член 26

Враќање или неплаќање на акцизата

(1) По барање акцизата не се плаќа или се враќа за докажливо одаточени, а неискористени акцизни добра, кои:

1) повторно се предаваат во акцизен склад и

2) се уништуваат или потполно денатурираат под царински надзор.

(2) Во случаите од ставот 1 точка 1 на овој член, право на ослободување имаат имателите на акцизна дозвола, а во случаите од точката 2 на овој член, лицата кои ги поседувале добрата во моментот на нивното уништување или денатурирање.

(3) По барање акцизата се враќа за докажливо оштетени контролни марки за обележување на тутунски добра на лицето на кое му се издадени контролни марки.

(4) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за примената за начинот на враќање на акцизата за докажливо оштетени контролни марки за обележување на тутунски добра.

(5) Барање за поврат на акциза се поднесува до Царинската управа најдоцна во рок од 12 месеци од денот кога е платена акцизата.

(6) Рокот од ставот (5) на овој член не се однесува за враќање на акциза во случаите од членот 24 од овој закон.

ВТОР ДЕЛ

Глава V

МИНЕРАЛНИ МАСЛА

Член 27

Предмет на оданочување

(1) На акциза подлежат следниве минерални масла:

1) производите од тарифен број 2706;

2) производите од тарифните подброеви 2707 10, 2707 20, 2707 30, 2707 50, 2707 91 00, 2707 99 11 и 2707 99 19;

3) производите од тарифниот број 2709;

4) производите од тарифниот број 2710;

5) производите од тарифниот број 2711, вклучувајќи ги хемискиот чист метан и пропан, со исклучок на природен гас;

6) производите од тарифните подброеви 2712 10, 2712 20, 2712 90 31, 2712 90 33, 2712 90 39, 2712 90 91 и 2712 90 99;

7) производите од тарифните подброеви 2713 11 00 00 и 2713 12 00 00;

8) производите од тарифниот број 2715;

9) производите од тарифниот број 2901;

10) производите од тарифните подброеви 2902 11, 2902 19, 2902 20, 2902 30, 2902 41 00, 2902 42 00, 2902 43 00 и 2902 44;

11) производите од тарифните подброеви 3403 11 00, 3403 19 и 3403 99;

12) производите од тарифниот број 3811 и

13) производите од тарифниот број 3817.

(2) Освен добрата од ставот 1 на овој член, за минерални масла кои подлежат на акциза се сметаат и сите други добра наменети за користење како погонско гориво или како додаток на погонско гориво, кои како такви се понудени за продажба или користење, како и други јаглени хидрати, кои се наменети за користење како масло за греење или се нудат како такви за продажба, со исклучок на камен јаглен, кафен јаглен, тресет или други споредливи цврсти јаглени хидрати или земјен гас. Со нивното користење настанува акциза, која се плаќа веднаш. Овие добра се оданочуваат по акцизната стапка на истородните минерални масла.

Член 28

Специфична акциза

(1) Специфичната акциза за следниве минерални масла, доколку поинаку не е пропишано со овој закон, изнесува за:

1) Моторен бензин од тарифните ознаки 2710 12 31 00, 2710 12 41 00, 2710 12 45 00, 2710 12 49 00, 2710 12 51 00 и 2710 12 59 00, и тоа:

1.1.бензин со содржина на олово повисока од 0,013 г/л и авиобензин = 24,396 ден/л и

1.2.безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 г/л = 21,692 ден/л;

2) Гасно масло од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 и тоа:

2.1 како погонско гориво = 12,121 ден/л и

2.2како гориво за греење = 3,136 ден/л;

3) Течен нафтен гас од тарифните ознаки 2711 12 11 00 до 2711 19 00 00 и метан од тарифната ознака 2711 29 00 00 и тоа:

3.1 како погонско гориво = 4,900 ден/кг и

3.2 како гориво за греење = 4,900 ден/кг;

4) Керозин од тарифните ознаки 2710 19 21 00 и 2710 19 25 00, и тоа:

4.1 како погонско гориво = 9,000 ден/кг и

4.2 како гориво за греење = 1,800 ден/кг;

5) Масло за ложење од тарифните ознаки 2710 19 62 00, 2710 19 64 00, 2710 19 68 00, 2710 20 31 00, 2710 20 35 00 и 2710 20 39 00 = 0,100 ден/кг.

6) Нафтен кокс од тарифните ознаки 2713 11 00 00 и 2713 12 00 00 = 84,6 ден/ГЈ (гигаџул).

(2) Литар во смисла на став (1) на овој член, е литар измерен на температура од + 15 º С.

(3) Лицата кои течниот нафтен гас докажливо го употребиле како погонско гориво, како и лицата кои докажливо го употребиле како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата, акцизата се враќа во висина од 80 % од пропишаната акциза за погонска намена.

(4) Враќањето на акцизата од став 3 на овој член го врши Царинската управа по поднесено барање. Рокот за поднесување на барањето е 12 месеци од денот на набавката или увозот на течниот нафтен гас.

(5) Поблиски прописи за начинот на враќање на акцизата, донесува министерот за финансии.

(6) Минералните масла што не се наведени во ставот 1 на овој член се оданочуваат како минералните масла што им се најблиски по состав и содржина.

(7) При утврдување на малопродажната цена на одделни нафтени деривати, а со цел нивно заокружување, специфичната акциза на минералните масла од став (1), точките 1), 2) и 5) на овој член, може да отстапува од 0 до + 3%.

Член 29

Специфична акциза на масла за подмачкување

(1) Специфичната акциза за минералните масла од тарифните ознаки 2710 12 90 00, 2710 19 81 00, 2710 19 83 00, 2710 19 85 00, 2710 19 87 00, 2710 19 91 00 и 2710 20 90 00 изнесува 7 ден/ кг.

(2) Специфичната акциза за препаратите од тарифните ознаки 3403 19 10 00, 3403 19 90 00 и 3403 99 00 00 изнесува 22 ден/кг.

Член 30

Обележување на минералните масла

(1) Гасните масла од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00, 2710 20 19 00 и керозинот од тарифната ознака 2710 19 21 00 и 2710 19 25 00, кои се употребуваат како горива за греење се обележуваат со пропишана боја и/или други состојки. Обележувањето на минералните масла се врши исклучиво во акцизен склад кој поседува дозвола за обележување, добиена од надлежниот орган.

(2) Минералните масла кои се увезуваат на акцизната територија мора да ги содржат материите за обележување во количини пропишани со прописот од ставот 4 на овој член. Увозникот е должен да достави потврда од странски даночен или царински орган, односно од производителот или овластен обележувач, дека истото е обележано надвор од акцизната територија и дека ги содржи материите за обележување во количини што се пропишани врз основа на овој закон. Ако потврдата не се поднесе или ако таа не е соодветен доказ, се смета дека минералното масло не е обележано.

(3) Складирањето на минералните масла треба да се врши на начин кој ја оневозможува неутрализацијата на бојата и / или другите состојки под влијание на други материи.

(4) Министерот за финансии донесува поблиски прописи во врска со постапката на обележување на минералните масла.

Член 31

Користење на обележени минерални масла

(1) Минералните масла кои содржат материи за обележување пропишани со овој закон не смеат да се трошат и користат како погонско гориво.

(2) На минералните масла кои содржат материи за обележување согласно член 30 став (1) од овој закон не е дозволено да се отстрани средството за обележување, да се намали неговата концентрација или да се додаваат состојки кои ќе оневозможат утврдување на обележувањето.

(3) Минералните масла кои содржат материи за обележување согласно член 30 став 1 од овој закон не е дозволено да се користат за погон на моторни возила или за други намени освен како гориво за греење.

(4) Ако при надзор на моторни возила се утврди дека се користат минералните масла кои содржат материи за обележување, на сопственикот на моторното возило или на лицето кое го управува моторното возило, акцизата се пресметува на количествата кои одговараат на зафатнината на резервоарот за погонско гориво зголемена за сто пати.

(5) Лицето кое го управува моторното возило е солидарно одговорно за плаќање на пресметаната акциза согласно став (4) на овој член со сопственикот на тоа моторно возило, ако сопственикот знаел или морал да знае дека во моторното возило ќе се користат минерални масла кои содржат материи за обележување.

Член 31-а

Трговија со минерални масла

(1) Секое лице кое врши дејност трговија со минерални масла, мора да обезбеди:

1) минералните масла кои се користат како погонско гориво да не содржат материи за обележување од член 30 на овој закон, и

2) минерални масла кои содржат материи за обележување да не се точат спротивно на намената од член 31 став (1) на овој закон.

(2) Лицата кои вршат дејност трговија со минерални масла кои содржат материи за обележување потребно е да се регистрирани од страна на Царинската управа .

(3) Лице кое врши дејност трговија на мало со минерални масла е должно да воспостави GPRS терминал и да обезбеди комуникација и пренос на податоците за трговијата на мало со минерални масла кои содржат материи за обележување на дневна основа до сервер во Царинската управа. Мобилните оператори обезбедуваат VPN (Virtual private network) кон лицата кои вршат дејност трговија на мало со минерални масла и серверот во Царинската управа, постојаност на мрежата и сигурност на податоците кои се пренесуваат преку нивната мрежа од GPRS терминалот на лицата кои вршат дејност трговија на мало со минерални масла и Царинската управа.

(4) Лицето кое врши дејност трговија на мало со минерални масла кои содржат материи за обележување потребно е да води евиденција на купувачите по даночен број за правните лица и единствен матичен број на граѓанинот и адреса на живеење за физичките лица кои купуваат количини над 20 литри.

(5) Министерот за финансии поблиску ќе го пропише начинот на спроведување на регистрација од став (2) на овој член и начинот на комуникација и пренос на податоците за трговијата на мало со минерални масла како и формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (4) на овој член.

Член 32

Акцизно ослободување на минерални масла

(1) Минералните масла се ослободени од акциза, доколку се исполнети условите од членот 18 став 2, во случаите кога:

1) не се користат како погонско гориво или за греење, освен минералните масла наведени во членот 29 на овој закон;

2) се користат во воздушен сообраќај со исклучок на користењето во воздушниот сообраќај за приватни намени;

3) се вбризгуваат во високите печки како додаток на главното гориво-кокс во рамките на хемиски редукциски постапки и

4) ги набавуваат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи за специјалните возила за целите на одбраната и безбедноста.

(2) Минералните масла се ослободени од акциза кога се користат за производство на минерални масла од членот 28 на овој закон. Ова ослободување не се однесува на непроизводни цели, а вклучително не на користењето за погонски возила.

(3) Минерални масла се ослободени од акциза при нивниот увоз и при пуштање во акцизно правен слободен промет кога се наменети за реализација на проект финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен помеѓу Република Македонија и странски донатори, ако во тој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци.

(4) Минерални масла се ослободени од акциза при нивниот увоз и при пуштање во акцизно правен слободен промет кога се наменети за реализација на проектите кои се финансирани во рамки на инструментот за претпристапна помош (ИПА) кој се спроведува во услови на децентрализирано управување, и за делот на средствата од националното кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Македонија или задолжување.

(5) При увоз за остварување на ослободувањето од ставовите (3) и (4) се поднесува барање од страна на увозникот на минерални масла.

(6) Начинот за остварување на акцизното ослободување од став (3) и став (4) од овој член и формата и содржината на барањето од став (5) од овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 33

Посебни случаи кои не се сметаат за производство на минерални масла

(1) Случаите на мешање на одаточени или минерални масла ослободени од акциза меѓу себе или со други материи надвор од погоните за производство на минерални масла не се сметаат за производство на минерални масла.

(2) Случаите на повторно производство на користени минерални масла не се сметаат за производство на минерални масла, доколку со тоа не се нарушат даночните принципи.

(3) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за случаите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 34

Акцизен склад на минерални масла

Акцизна дозвола согласно со членот 5 став 2 на овој закон за цели на складирање на минерални масла се доделува само во случаите кога складот служи за цели на трговија на големо, дистрибуција на големо од страна на производителот, за мешање на минерални масла или за снабдување на имателите на акцизно одобрение.

Глава VI

АЛКОХОЛ, АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

Член 35

Предмет на оданочување

(1) На акциза на пиво подлежат:

1) Производите од тарифниот број 2203 со содржина на алкохол поголема од 0,5% вол. и

2) Производите од тарифниот број 2206 кои содржат мешавина од пиво и безалкохолни пијалаци и со содржина на алкохол поголема од 0,5% вол.

(2) На акциза на пенливо вино подлежат:

Сите производи од тарифните ознаки 2204 10 11 00, 2204 10 91 00, 2204 10 93 00, 2204 10 94 00, 2204 10 96 00, 2204 10 98 00, 2204 21 06, 2204 21 07 00, 2204 21 08 00, 2204 21 09 00, 2204 29 10 00 и тарифниот број 2205, кои:

1) се полнети во шишиња со затворач кој е прицврстен со посебни држачи, или пак производите кои имаат притисок од растворен јаглероден диоксид од 3 бари или повеќе и

2) имаат содржина на алкохол поголема од 1,2% вол, а најмногу 15% вол, доколку алкохолот содржан во готовиот производ е настанат исклучиво по пат на ферментација.

(3) На акциза на вино подлежат:

Сите производи од тарифните броеви 2204 и 2205, со исклучок на пенливите вина во смисла на ставот 2 на овој член и тоа:

- со содржина на алкохол поголема од 1,2 % вол, а најмногу 15% вол, доколку алкохолот содржан во готовиот производ е настанат исклучиво по пат на ферментирање или

- со содржина на алкохол поголема од 15 % вол, а најмногу 18% вол, ако не се произведени со збогатување и доколку алкохолот содржан во готовиот производ е настанат исклучиво по пат на ферментација.

(4) На акциза за ферментирани пијалаци, освен пенливо вино, вино и пиво, подлежат и производите под називот:

1) "други пенливи ферментирани пијалаци" од тарифните ознаки 2206 00 31 00 и 2206 00 39 00, како и производите од тарифните ознаки 2204 10 11 00, 2204 10 91 00, 2204 10 93 00, 2204 10 94 00, 2204 10 96 00, 2204 10 98 00, 2204 21 06 00, 2204 21 07 00, 2204 21 08, 2204 21 09 00, 2204 29 10 00 и тарифниот број 2205 од Царинската номенклатура што не се наведени во ставот (2) на овој член, кои:

- се полнети во шишиња со затворач кој е прицврстен со посебни држачи, или пак производите кои имаат притисок од растворен јаглероден диоксид од 3 бари или повеќе и

- имаат содржина на алкохол поголема од 1,2% вол, а најмногу 13% вол или

- имаат содржина на алкохол поголема од 13% вол, а најмногу 15% вол, доколку алкохолот содржан во готовиот производ е настанат исклучиво по пат на ферментирање.

2) "други непенливи ферментирани пијалаци" кои потпаѓаат под тарифниот број 2204 и 2205, а не се наведени во ставот 3 на овој член, како и производите од тарифниот број 2206, со исклучок на другите пенливи ферментирани пијалаци во смисла на точка 1 на овој став и на пијалаците во смисла на став 1 на овој член:

- со содржина на алкохол поголема од 1,2% вол, а најмногу 10% вол. или

- имаат содржина на алкохол поголема од 10% вол, а најмногу 15% вол, доколку алкохолот содржан во готовиот производ е настанат исклучиво по пат на ферментација.

(5) На акциза на меѓупроизводи подлежат:

Сите производи, кои потпаѓаат под тарифните броеви 2204, 2205 и 2206 со содржина на алкохол поголема од 1,2% вол, а најмногу 22% вол, што не потпаѓаат во областа на примена на ставовите 2 и 3 на овој член.

(6) На акциза на етил-алкохол подлежат:

1) Сите производи од тарифниот број 2207 и 2208 со содржина на алкохол поголема од 1,2 % вол, дури и кога овие производи се дел од некој производ, кој потпаѓа под друга глава на Царинската номенклатура;

2) Сите производи од тарифните броеви 2204, 2205 и 2206 од Царинската номенклатура со содржина на алкохол поголема од 22 % вол и

3) Питок етил-алкохол, без разлика на тоа дали содржи растворени производи или не.

(7) Постапката за мерење на процент волумен на алкохол се врши според прописите за методите за земање мостри и вршење хемиски и физички анализи на алкохолни пијалаци.

Член 36

Специфична акциза

(1) Акцизата на пиво во смисла на член 35 став 1 на овој закон изнесува 4 ден. по литар/степен на алкохол или 1,65 ден. по литар/степен екстракт.

(2) Акцизата на пенливо вино во смисла на член 35 став 2 на овој закон изнесува 0 ден. / литар.

(3) Акцизата на вино во смисла на член 35 став 3 на овој закон изнесува 0 ден. /литар.

(4) Акцизата на други пенливи пијалаци во смисла на член 35 став 4 точка 1 на овој закон изнесува 0 ден. /литар.

(5) Акцизата на други непенливи пијалаци во смисла на член 35 став 4 точка 2 на овој закон изнесува 0 ден. /литар.

(6) Акцизата на меѓупроизводи во смисла на член 35 став 5 на овој закон изнесува 340 ден./ литар чист алкохол.

(7) Акцизата на етил-алкохол во смисла на член 35 став 6 на овој закон изнесува 340 ден./ литар чист алкохол, мерено при температура од 20°C.

Член 37

Контролни марки

(1) Акцизата на меѓупроизводи и етил-алкохол се плаќа со користење на контролни марки.

(2) Контролни марки добива имателот на акцизна дозвола или увозникот.

(3) Пуштањето на меѓупроизводите и етил-алкохолот во акцизноправен слободен промет на акцизната територија е дозволено само ако овие добра се обележени со контролна марка.

(4) Контролната марка треба да биде залепена на соодветната опаковка на алкохолниот пијалак, односно шишето, така што при отворањето ќе мора да се оштети.

(5) Во подигнувањето на контролните марки настанува долг за контролни марки во висина на акцизната вредност на марките.

(6) Патниците кои внесуваат од странство меѓупроизводи и етилалкохол, кои не се опфатени во член 25 став (1) точка 5) на овој закон и државјаните на Република Македонија и странските државјани кои примаат од странство меѓупроизводи и етил-алкохол согласно со царинските прописи ја плаќаат акцизата на друг начин освен преку контролни марки. Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот царински орган и веднаш да се плати.

(7) Во случаи кога меѓупроизводите и етил-алкохолот се пуштаат во акцизно правен слободен промет на меѓународен саем, изложба или друга приредба или како мостри, плаќањето на акцизата може да се врши на друг начин освен преку употреба на контролни марки.

Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот орган.

(8) Обврската за употреба на контролни марки не важи за меѓупроизводите и етил-алкохолот кои се ослободени од акциза и во случаите од ставовите (6) и (7) на овој член, освен во случаи од член 24 став (3) на овој закон.

(9) Министерот за финансии донесува поблиски прописи во врска со подигнувањето на контролните марки, плаќањето на долгот за контролни марки, како и нивната форма, содржина и начинот на нивното издавање.

(10) Имателот на акцизна дозвола или увозникот, своите месечни потреби од контролни марки ги пријавува од 1 до 5 во тековниот месец за наредниот месец. Рокот за подигнување на пријавените контролни марки е три месеци.

(11) Трошоците за печатењето и за чувањето на контролните марки ги определува директорот на Царинската управа со посебно решение и ги наплатува од имателот на акцизната дозвола или увозникот при нивното издавање.

Член 38

Рок за плаќање на акцизен долг за контролни марки

(1) Акцизниот долг за контролните марки се плаќа пред нивното подигнување.

(2) Доколку е поднесена гаранција за обезбедување на акцизен долг, истиот мора да се плати во рок од 30 дена од донесувањето на решението за издавање на контролни марки.

Член 39

Акцизни ослободувања за алкохол и алкохолни пијалаци

(1) Етил-алкохолот е ослободен од акциза, доколку се исполнети условите од членот 18 став 2 на овој закон, во следниве случаи:

(а) користење за производство на оцет во смисла на тарифниот број 2209 од Царинската номенклатура,

(б) кога потполно денатуриран, согласно соодветните прописи, се пушта во акцизно-правен слободен промет,

(в)користење за производство на производ неподобен за човековиот вкус од денатуриран алкохол,

(г) користење за производство на лекови,

(д) користење за медицински цели во болници, амбуланти и аптеки,

(ѓ) користење за производство на ароми за прехрамбени производи и безалкохолни пијалаци со содржина на алкохол од најмногу 1,2% вол, и

(е) непосредно или користење како составен дел на полуготови производи за производство на прехрамбени производи, полнети или во друга форма. Содржината на алкохол кај пралините не смее да ја надминува границата од 8,5 литри чист алкохол на 100 кг производ, а кај другите производи освен пралини - 5 литри чист алкохол на 100 кг производ.

(2) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот и постапката за остварување на ослободувањата од ставот 1 на овој член.

Член 40

Мали производители

(1) Мали производители во смисла на овој член се лицата кои годишно произведуваат помалку од:

а) 5 хл вино или

б) 2 хл етил-алкохол.

(2) Виното и етил-алкохолот кои се произведени од страна на мали производители за сопствени потреби се ослободени од специфична акциза.

Глава VII

Тутунски добра

Член 41

Предмет на оданочување

(1) На акциза на тутунски добра подлежат:

1) пури и цигарилоси

2) цигари

3) тутун за пушење, и тоа:

- фино сецкан тутун за виткање цигари и
- друг тутун за пушење.

(2) Пури и цигарилоси се свитоци од тутун наменети за пушење со внатрешна обвивка или со внатрешна и надворешна обвивка, кои се:

1) направени исклучиво од природен тутун;

2) со надворешна обвивка од природен тутун

3) со надворешна обвивка во боја на пура и внатрешна обвивка, двете од хомогенизиран и реконструиран тутун, ако најмалку 60% од парчињата тутун во нив имаат ширина и должина поголема од 1,75 мм, надворешната обвивка е замотана спирално, а пурата има врв заострен за 30% степени во однос на оската на пурата или

4) со надворешна обвивка во боја на пура и внатрешна обвивка, двете од хомогенизиран и реконструиран тутун, ако нивната тежина по парче без филтер и додаток за во уста изнесува 2,3 гр. или повеќе и ако најмалку 60% од парчињата тутун во нив имаат ширина и должина поголема од 1,75 мм, а ширината на нивната обвивка во најмалку една третина од должината на ролната изнесува 34 мм. Тежина по парче е просечната тежина на 1000 парчиња без филтер и додаток за во уста во времето на настанувањето на акцизата.

(3) Цигари се:

1) свитоци од тутун, непосредно наменети за пушење, а не се пури или цигарилоси согласно со ставот 2 на овој член;

2) свитоци од тутун кои во едноставен неиндустриски процес се вметнуваат во хартиена обвивка за цигари и

3) свитоци од тутун кои во едноставен неиндустриски процес се виткаат во листови хартија за цигари.

(4) Тутун за пушење (фино сецкан тутун за виткање цигари и друг тутун за пушење) е сецкан или на друг начин иситнет, ткаен (развлакнет) или во плочи пресуван тутун кој може да се пуши без понатамошна индус-

триска обработка. Тутунскиот отпад се смета за тутун за пушење, кога е наменет за пушење и малопродажба, а не спаѓа во пури и цигарилоси според ставот 2 на овој член или во цигари според ставот 3 на овој член.

(5) Тутунот за пушење од став (4) на овој член се смета за фино сецкан тутун за виткање цигари ако 25% по маса од парчињата тутун имаат ширина помала од 1 мм. Тутунот за пушење, се смета за фино сецкан тутун и ако 25% по маса од парчињата тутун имаат ширина поголема од 1 мм и кој е продаден или наменет да се продаде за виткање цигари.

(6) Тутун за пушење како друг тутун за пушење, се смета тутунот за пушење од став (4) на овој член, освен ситно сецканиот тутун за виткање цигари од став (5) на овој член.

Член 42
Комбинирана акциза

(1) На следните тутунски добра, при пуштањето од акцизен склад во слободно правен-акцизен промет акцизата изнесува:

1) на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 0 ден. по парче и 33 % од малопродажната цена;

2) на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, 0 ден. по парче и 33% од малопродажната цена;

3) на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 0 ден по килограм и 33 % од малопродажната цена и

4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став (6) на овој закон, 0 ден по килограм и 33% од малопродажната цена.

(2) На следниве тутунски добра, при увоз акцизата изнесува:

1) на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 1,35 ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

2) на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, 1,35 по парче и 0% од малопродажната цена;

3) на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена и

4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став (6) на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена.

Член 42а
Комбинирана акциза

(1) На следните тутунски добра, при пуштањето од акцизен склад во слободно правен-акцизен промет акцизата изнесува:

1) на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 1,35 ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

2) на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, 0,04 ден. по парче и 33% од малопродажната цена;

3) на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 1.350,00 ден по килограм и 0 % од малопродажната цена и

4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став 6 на овој закон, 1.350,00 ден по килограм и 0% од малопродажната цена.

(2) На следниве тутунски добра, при увоз акцизата изнесува:

1) на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 1,35ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

2) на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, 1,10 ден по парче и 8% од малопродажната цена;

3) на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена и

4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став 6 на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена.

Член 42б
Комбинирана акциза

(1) На следните тутунски добра, при пуштањето од акцизен склад во слободно правен-акцизен промет акцизата изнесува:

1) на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 1,35 ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

2) на цигари во смисла на член 41 став 3 од овој закон, 0,07 ден. по парче и 34% од малопродажната цена;

3) на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 1.350,00 ден по килограм и 0 % од малопродажната цена; и

4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став 6 на овој закон, 1.350,00 ден по килограм и 0% од малопродажната цена.

(2) На следните тутунски добра, при увоз акцизата изнесува:

1) на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 1,35ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

2) на цигари во смисла на член 41 став 3 од овој закон, 0,8 ден по парче и 19% од малопродажната цена;

3) на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена; и

4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став 6 на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена.

Член 42в
Комбинирана акциза

(1) Акцизата на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, изнесува 21,37 ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

(2) Акцизата на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, изнесува 1,30 ден. по парче и 9% од малопродажната цена. Ако комбинирана акциза е под износот од 1,50 ден. по парче се применува минималната акциза во тој износ.

(3) Акцизата на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, изнесува 1.500,00 ден по килограм и 0 % од малопродажната цена и

(4) Акцизата на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став 6 на овој закон, изнесува 1.350,00 ден по килограм и 0% од малопродажната цена.

(5) Од 1 јули 2014 година заклучно со 1 јули 2015 година, стапките на специфичната и минималната акциза на цигарите, од став (2) од овој член, се зголемуваат за 0,15 денари по парче на 1 јули во секоја година.

(6) Од 1 јули 2016 година заклучно со 1 јули 2023 година, стапките на специфичната и минималната акциза на цигарите, од став (2) од овој член, се зголемуваат за 0,20 денари по парче на 1 јули во секоја година.

(7) Од 1 јули 2014 година заклучно со 1 јули 2023 година, износот на акциза на тутун за пушење како фино сецкан тутун, од став (3) од овој член, се зголемува за 50 денари по килограм на 1 јули во секоја година.

Член 42г

(1) Производителот и увозникот на тутунски добра се должни на денот на почетокот на примената на членот 42в ставови (5), (6) и (7) од овој закон, да направат

попис на затечени залихи на тутунски добра во акцизен склад, надвор од акцизен склад, во складови и други простори на овластени дистрибутери и затечени залихи на подигнати контролни марки и истиот да го доставаат до Царинската управа во рок од три работни дена.

(2) Производителот и увозникот на тутунски добра се должни да ја вкалкулираат новата акциза на тутунски добра на денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра.

(3) Ако акцизата на тутунски добра на денот на зголемувањето е поголема од наплатената акциза за подигнатите контролни марки по различни ценовни категории, производителот и увозникот на тутунски добра се должни да доставаат до Царинската управа барање за доплата на акциза и врз основа на решение од Царинската управа да ја уплатат разликата во рок од 30 дена по денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра.

Член 43
Пресметковна основа

(1) Малопродажна цена е поединечната цена која ја одредува производителот или увозникот како единечна трговска цена за пури, цигарилоси и цигари по парче и за тутун за пушење по килограм.

Доколку е одредена само цената по пакување, за малопродажна цена се смета цената која произлегува од цената по пакување и содржината на пакувањето.

(2) За пресметувањето на акцизата за тутун за пушење меродавна е нето-тежината во моментот на настанувањето на акцизата.

(3) Производителот, односно увозникот утврдува малопродажна цена и за добрата кои се отуѓуваат без надомест. Оваа цена не смее да биде помала од поединечната цена на соодветните тутунски добра.

(4) Производителот, односно увозникот е должен малопродажната цена на тутунските добра да ја пријави во Царинската управа и да ја објави во "Службен весник на Република Македонија", пред пуштањето на тутунските добра по така утврдените цени во акцизно правен слободен промет.

Член 44
Контролни марки

(1) Акцизата на тутунски добра се плаќа со користење на контролни марки.

(2) Контролни марки добива производителот или увозникот.

(3) Пуштањето на тутунските добра во акцизно-правен слободен промет на акцизната територија е дозволено само ако тутунските добра се обележени со контролна марка.

(4) Контролната марка треба да биде залепена на амбалажата под целофанската или друга хартија, така што ќе биде видлива и при отворањето на пакувањето ќе мора да се оштети. На оригиналните пакувања на пури и цигарилоси, кои не се обвиткани со целофанска или друга хартија, контролната марка може да биде залепена непосредно на пакувањето.

(5) Со подигнувањето на контролните марки настанува долг за контролни марки во висина на акцизната вредност на марките.

(6) Акцизната вредност на една контролна марка се пресметува од акцизата за една цигара, пура, цигарилос или 1 кг. тутун за пушење и податокот за количината наведена на контролната марка.

(7) Патниците кои внесуваат од странство тутунски добра кои не се опфатени во член 25 став (1) точка 5) на овој закон и државјаните на Република Македонија и странските државјани кои примаат од странство тутунски добра согласно со царинските прописи, ја плаќаат акцизата на друг начин освен преку контролни марки.Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот царински орган и веднаш да се плати.

(8) Во случаите кога тутунските добра се пуштаат во акцизно правен слободен промет на меѓународен саем, изложба или друга приредба или како мостри, плаќањето на акцизата може да се врши на друг начин освен преку употреба на контролни марки. Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот орган.

(9) Обврската за употреба на контролни марки не важи за тутунските добра кои се ослободени од акциза и во случаите од ставовите (7) и (8) на овој член, освен во случаите од член 24 став (3) на овој закон.

(10) Министерот за финансии донесува поблиски прописи во врска со подигнувањето на контролните марки, плаќањето на долгот за контролни марки, како и нивната форма, содржина и начинот на нивното издавање.

(11) Трошоците за печатењето и за чувањето на контролните марки ги определува директорот на Царинската управа со посебно решение и ги наплатува од производителот или увозникот при нивното издавање.

(12) Производителот или увозникот, своите месечни потреби од контролни марки ги пријавува од 5 до 10 во тековниот месец за наредниот месец. Рокот за подигнување на пријавените контролни марки е три месеци.

Член 44-а е избришан

Член 45
Рок за плаќање на акцизен долг за контролни марки

(1) Акцизниот долг за контролните марки се плаќа пред нивното подигнување.

(2) Доколку е поднесена гаранција за обезбедување на акцизен долг, истиот мора да се плати во рок од 30 дена од донесувањето на решението за издавање на контролни марки.

Член 46
Акцизен склад на тутунски добра

Акцизната дозволата од членот 5 став 2 од овој закон за цели на складирање им се издава на лицата кои се овластени:

- за добивање контролни марки (производител и увозник) или
- да вршат испитување на квалитетот на тутунските добра
- лица кои испраќаат неоданочени тутунски добра.

Член 47
Исклучок од правилото за настанување на акцизата

По исклучок од членот 13 став 1 на овој закон, акциза на тутунски добра не настанува кога оданочените тутунски добра се враќаат во акцизен склад и повторно се пуштаат во акцизно-правен слободен промет од него во се уште затворени малопродажни пакувања со неоштетени пропишани контролни маркици или кога се предаваат за потрошувачка во складот.

Член 48
Настанување на акцизата при недозволено зголемување на малопродажната цена

Во случај на недозволено зголемување на малопродажната цена над пријавената во Царинската управа и објавената во "Службен весник на Република Македонија", настанува акциза во висина на разликата од ак-

цизното оптоварување пред и по зголемувањето на цената. Акцизен должник е трговецот. Акцизата се плаќа веднаш.

Член 49
Прописи за пакување, забрана за додавање предмети на пакувањето

(1) Тутунските добра смеат да излезат од акцизниот склад во акцизно-правниот слободен промет, да се дадат на користење во акцизен склад или да се увезат или транспортираат на акцизната територија само во затворени, малопродажни пакувања.

(2) Во малопродажните пакувања од ставот 1 на овој член не смеат да се пакуваат други предмети освен тутунски добра. Други предмети не смеат да им се додаваат на пакувањата ниту однадвор, освен во случаите кога тие предмети се наменети за препродавачот. Ова важи независно од тоа дали другите предмети ќе му бидат предадени директно или индиректно на потрошувачот.

Член 50
Пакувања во трговијата, продажба на парче

Трговецот мора да ги чува малопродажните пакувања затворени и не смее да ги оштетува контролните марки. По исклучок, тој смее да отвора пакувања со цел контрола на содржината, за покажување, проба или да ги разделува на потрошувачите за маркетиншки цели.

Пакувањата од пури, цигарилоси или цигари смеат да се отвораат со цел за продажба на парче. Трговецот смее да ги отвора пакувањата само така што контролната маркица ќе биде уништена.

Член 51
Забрана за отуѓување под и над малопродажната цена

Пуштањето на тутунските добра во акцизно правен слободен промет под и над пријавената малопродажна цена во Царинската управа и објавена во "Службен весник на Република Македонија", не е дозволено. Од овој принцип се исклучува отуѓувањето за проба или маркетиншки цели. Трговецот на мало не смее да одобрува рабат или слични попусти. При продажбата, трговецот не смее на потрошувачите да им дели дополнителни предмети ниту да ја поврзува продажбата на тутунските добра со продажба на други добра.

Глава VII – а

ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ

Член 51а
Предмет на оданочување

На акциза подлежат следниве патнички автомобили:

1) со клипен мотор (освен ротационен клипен мотор) со внатрешно согорување со палење со помош на свеќички од тарифните подброеви: 8703 21, 8703 22, 8703 23 и 8703 24 и

2) со клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на компресија (дизел или полудизел) од тарифните подброеви: 8703 31, 8703 32 и 8703 33.

Член 51б
Акциза на патнички автомобили

(1) Основа за пресметување на акциза на патнички автомобили е:

1) продажната цена, а тоа во смисла на овој закон е цената без данокот на додадена вредност или

2) при увоз - царинската вредност утврдена во согласност со царинските прописи зголемена за износот на царина.

(2) Во зависност од утврдената вредност на патничките автомобили во евра во денарска противвредност согласно со ставот (1) на овој член, стапките на акциза на патничките автомобили изнесуваат:

Вредност на патнички автомобили во евра		Стапки на акциза
над	до	
0	3.000	0,00%
3.000	4.000	0,50%
4.000	5.000	1,00%
5.000	6.000	1,50%
6.000	8.500	2,00%
8.500	12.000	3,00%
12.000	14.000	4,00%
14.000	16.000	6,00%
16.000	18.000	9,00%
18.000	22.000	11,50%
22.000	25.000	13,50%
25.000	30.000	15,50%
30.000		18,00%

Член 51в
Акцизно ослободување на патнички автомобили

(1) Патнички автомобили се ослободени од акциза при нивниот увоз и при пуштање во акцизно правен слободен промет кога се наменети за реализација на проект финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен помеѓу Република Македонија и странски донатори, ако во тој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци.

(2) Патнички автомобили се ослободени од акциза при нивниот увоз и при пуштање во акцизно правен слободен промет кога се наменети за реализација на проектите кои се финансирани во рамки на инструментот за претпристапна помош (ИПА) кој се спроведува во услови на децентрализирано управување, и за делот на средствата од националното кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Македонија или задолжување.

(3) Патничките автомобили се ослободени од акциза при нивниот увоз ако се добиени како подарок од странски донатори, а се наменети за државните органи, општините, градот Скопје, општините во градот Скопје и за јавните установи.

(4) Патничките автомобили на хибриден погон (комбинација на бензински мотор и електромотор) се ослободени од акциза.

(5) При увоз за остварување на ослободувањето од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесува барање од страна на увозникот на патнички автомобили.

(6) Начинот за остварување на акцизното ослободување од ставовите (1) и (2) на овој член и формата и содржината на барањето од став (5) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(7) Патничките автомобили ослободени од плаќање акциза согласно со ставовите (1) и (2) на овој член не смеат да се отуѓат ако за истите не се плати износот на акцизата за кој биле претходно ослободени, освен во случаите од ставот (3) од овој член.

ТРЕТ ДЕЛ

Глава VIII

АДМИНИСТРАТИВНИ ОБВРСКИ

Член 52
Евиденциски обврски

(1) Имателот на акцизна дозвола е должен да води уредна и точна евиденција за цели на пресметувањето на настанатата акциза.

(2) Евиденцијата од ставот 1 на овој член мора да содржи одделни податоци за:

1) произведените количини на акцизни добра;

2) количини на акцизни добра на залиха, во производство, во складови или други деловни простории;

3) количини на акцизни добра за кои настанала акциза и за кои е платена акцизата според пропишаните стапки;

4) количини на акцизни добра за кои настанала акциза а за кои истата не е платена;

5) количини на акцизни добра потрошени во акцизниот склад и

6) износите на пресметана и платена акциза.

(3) Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член соодветно се применуваат и за имателите на акцизно одобрение.

(4) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот и постапката за водење на евиденциските обврски.

Член 53
Издавање на фактури односно други документи

(1) Имателот на акцизна дозвола е должен за секое пуштање на акцизни добра во слободно-правен акцизен промет да издаде фактура, односно друг документ од кој се гледа испораката на акцизни добра.

(2) За акцизните добра испорачани за акцизно-повластено користење на фактурата, односно другиот документ треба да се наведе бројот и датумот на одобрението издадено на лицето за акцизноповластено користење.

(3) Фактурата односно другиот документ од ставовите 1 и 2 од овој член се изготвуваат во два примерока. Првиот примерок се доставува на примателот на акцизни добра, додека вториот примерок се чува во сопствената евиденција во роковите наведени во членот 54 на овој закон.

Член 54
Чување на документацијата

Фактурите и другите документи, кои се издаваат врз основа на овој закон, како и деловните книги, имателите на акцизна дозвола и имателите на акцизно одобрение ги чуваат најмалку пет години од истекот на календарската година на која се однесуваат истите.

Глава IX

РЕГИСТРИ

Член 55
Регистар на иматели на акцизна дозвола и регистар на иматели на акцизно одобрение

(1) Царинската управа води посебен регистар на иматели на акцизна дозвола и регистар на иматели на акцизно одобрение.

(2) Регистарот на имателите на акцизна дозвола ги содржи следниве податоци:

1) бројот на акцизната дозвола издадена на имателот на акцизна дозвола ;

2) името и адресата на имателот на акцизна дозвола и на акцизниот склад, односно складовите;

3) видот на акцизните добра на кои се однесува акцизната дозвола и

4) датумот на издавањето на акцизната дозвола и датумот на нејзиното одземање.

(3) Регистарот на иматели на акцизното одобрение ги содржи следните податоци:

1) бројот на акцизното одобрение издадено на имателот на акцизното одобрение;

2) името и адресата на имателот на акцизното одобрение и на складот, односно складовите;

3) видот на акцизни добра на кои се однесува акцизното одобрение и

4) датумот на издавањето на акцизното одобрение и датумот на неговото одземање.

Член 56
Бришење од регистарот на имателите на акцизна дозвола и бришење од регистарот на имателите на акцизно одобрение

(1) Бришењето од регистарот на имателите на акцизна дозвола се врши:

1) со барање на законскиот наследник, односно ополномоштеник во случаите од членот 10 став 1 точка 1 на овој закон;

2) со барање на имателот на акцизната дозвола во случаите од членот 10 став 1 точки 2 и 3 на овој закон и

3) по службена должност од страна на Царинската управа во случаите од членот 10 став 1 точка 4 на овој закон.

(2) Бришењето од регистарот на имателите на акцизното одобрение се врши:

1) со барање на законскиот наследник односно ополномоштеник во случаите од членот 23 став 1 точка 1 на овој закон;

2) со барање на имателот на акцизно одобрение во случаите од членот 23 став 1 точки 2 и 3 на овој закон и

3) по службена должност од страна на Царинската управа во случаите од членот 23 став 1 точка 4 на овој закон.

Глава X

ПРАВНА ЗАШТИТА

Присилна наплата, застареност жалбена постапка

Член 57 престанува да важи согласно со Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006).

Глава XI

ПОБЛИСКИ ПРОПИСИ

Член 58
Поблиски прописи

Поблиски прописи за спроведување на овој закон, донесува министерот за финансии.

Глава XII

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Недозволено пренесување на акцизно добро односно стока или користење на акцизна дозвола или одобрение

(1) Тој што со намера самиот или некој друг да избегне целосно или делумно плаќање на акцизи на кои е обврзан со закон, пренесува добро односно стока подлежна на акциза спротивно на законот или доброто односно стоката ја изнесе од акцизен склад во акцизно-правен слободен промет без да се пресметаат и платат акцизи или акцизната дозвола или одобрението за акцизно повластено користење го пренесе на други лица или го употреби спротивно на намената, а износот на акцизите е од поголема вредност ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Ако износот на акцизите е од значителна вредност сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.

(3) Ако износот на акцизите е од големи размери сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години и со парична казна.

(4) Обидот за делото од став 1 е казнив.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Добрата односно стоките што се предмет на делото од ставовите (1), (2) и (3) и средствата за нивно пренесување и растурање ќе се одземат, а ако нивното одземање не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на нивната вредност во времето на извршување на делото.

(7) Средствата за пренесување и растурање на добрата односно стоките, се одземаат и кога се во сопственост на трето лице, кое знаело или било должно и можело да знае дека ќе бидат употребени за пренесување или растурање. Средствата ќе се одземат секогаш ако се специјално конструирани, адаптирани, изменети или прилагодени на било кој начин, со цел криење на добра односно стоки.

Член 60

Недозволено тргување со меѓупроизводи, етил алкохол и тутунски добра односно стоки

(1) Тој што пушта во акцизно правен слободен промет без контролни марки меѓупроизводи, етил алкохол и тутунски добра односно стоки со намера да стекне поголема имотна корист ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Ако износот на прибавената имотна корист е од значителна вредност сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.

(3) Ако износот на прибавената имотна корист е од големи размери сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години и со парична казна.

(4) Обидот за делото од став (1) е казнив.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.

(6) Добрата односно стоките што се предмет на делото од став (1), (2) и (3) и средствата за нивното пренесување и растурање ќе се одземат, а ако нивното одземање не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на нивната вредност во времето на извршување на делото.

(7) Средствата за пренесување и растурање на добрата односно стоките се одземаат и кога се во сопственост на трето лице кое знаело или било должно и можело да знае дека ќе бидат употребени за пренесување или растурање. Средствата ќе се одземат секогаш ако се специјално конструирани, адаптирани, изменети или прилагодени на кој било начин со цел криење на добра односно стоки.

Член 61

Прекршоци

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице, ако:

1) не направи попис на затечени залихи на тутунски добра во акцизен склад, надвор од акцизен склад, во складови и други простори на овластени дистрибутери и затечени залихи на подигнати контролни марки и ако истиот не го достави до Царинската управа во рок од три работни дена (член 42-г став 1) и

2) не ја вкалкулира новата акциза на тутунски добра на денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра, не достави барање за доплата на акциза до Царинската управа или не ја уплати разликата во рок од 30 дена по денот на зголемувањето на акцизата на тутунски добра.“ (член 42-г ставови 2 и 3).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член во рок од две години на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три до 30 дена, а на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три до 15 дена.

Член 61-а

Прекршоци

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице, ако:

1) акцизната дозвола ја пренесе на друго лице (член 8 став (3));

2) не ги исполнува обврските од членот 9 став (1) на овој закон;

3) не ги исполнува обврските од членот 11 ставови (1) до (5) на овој закон;

4) не издаде акцизен документ при транспорт на акцизни добра и не издаде акцизен документ (член 12 ставови (1) и (3)) ;

5) добрата подлежни на акциза не се пренесат во друг акцизен склад во пропишаниот рок (член 13 став (3)) ;

6) не поднесе акцизна пријава и не ја плати акцизата во пропишаниот рок (член 16 ставови од (1) до (5));

7) одобрението за акцизно-повластено користење го пренесе на друго лице (член 21 став (3));

8) не ги исполнува обврските од членот 22 став (1) на овој закон;

9) отуѓи акцизни добра ослободени од акциза (член 24 став (2));

10) не ги обележи гасните масла и керозинот со пропишаната боја и/или други состојки, користи необележано минерално масло или складирањето не го врши на пропишаниот начин (член 30 ставови (1), (2) и (3));

11) постапува спротивно на членовите 31 став (1) и 31-а од овој закон;

12) соодветно не го определи предметот на одаочување согласно со членовите 27, 35 и 41 од овој закон;

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-785/10
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Фатмир Бесими**, с.р.

584.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје бр. 09-197/2 од 26.1.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-785/11
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Фатмир Бесими**, с.р.

585.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2. 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Центар за управување со кризи му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

- Сет за вода за пиење фамилијарен .....парчиња 10
- Сет за монтажни (полски) тоалети 80х60 цм….парчиња 100
- Ќебиња волнени компресирани 150х200 цм.....парчиња 200
- Тарпаулин (подлога за заштита од вода) 4х5 м.. …..парчиња 100.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Општина Штип.

Член 3

Директорот на Центарот за управување со кризи склучува договор со градоначалникот на Општина Штип, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1652/1
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

586.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2. 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Центар за управување со кризи му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

- Резервоар за вода од 5000 литри.....парчиња 1
- Сет за вода за пиење фамилијарен .....парчиња 10
- Тарпаулин (подлога за заштита од вода) 4x5 м..... парчиња 100.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Општина Чешиново – Облешево.

Член 3

Директорот на Центарот за управување со кризи склучува договор со градоначалникот на Општина Чешиново - Облешево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1652/2
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

587.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.2.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Центар за управување со кризи му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

- Резервоар за вода од 5000 литри ..... парчиња 1
- Сет за вода за пиење фамилијарен ..... парчиња 10
- Сет за монтажни (полски) тоалети 80x60 цм...парчиња 100
- Ќебиња волнени компресирани 150x200 цм..... парчиња 62
- Тарпаулин (подлога за заштита од вода) 4x5м.....парчиња 100.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Општина Карбинци.

Член 3

Директорот на Центарот за управување со кризи склучува договор со градоначалникот на Општина Карбинци, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1652/3
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

588.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.02. 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА МОГИЛА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Центар за управување со кризи му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

- Сет за вода за пиење фамилијарен.....парчиња 10
- Сет за монтажни (полски) тоалети 80x60 цм..... парчиња 150
- Ќебиња волнени компресирани 150x200 цм..парчиња 200
- Тарпаулин (подлога за заштита од вода) 4x5 м .....парчиња 100.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Општина Могила.

Член 3

Директорот на Центарот за управување со кризи склучува договор со градоначалникот на Општина Могила, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1652/4
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

589.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2. 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Центар за управување со кризи му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

- Сет за вода за пиење фамилијарен .....парчиња 10
- Сет за монтажни (полски) тоалети 80x60 цм....парчиња 150
- Ќебиња волнени компресирани 150X200 цм ...парчиња 200
- Тарпаулин (подлога за заштита од вода) 4x5 м ...парчиња 100.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат без надомест на трајно користење на Општина Новаци.

Член 3

Директорот на Центарот за управување со кризи склучува договор со градоначалникот на Општина Новаци, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1652/5
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

590.

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 155/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 10.2.2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 195/14), во членот 2 табелата се заменува со нова табела, која гласи:

Вкупно денари	Намена
1.Пренесени обврски од 2014 година	2.700.000
2.Неповратно учество во финансирање проекти во планските региони	38.600.100
3. Неповратно учество во финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби	11.028.600
4. Неповратно учество за финансирање проекти за развој на селата	5.514.300
5. Исплата на средства за плаќање на придонесите за ПИО и ЗО за лица кои имаат стекнато право на плаќање	2.000.000
6. Исплата на средства за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити	200.000
Вкупно:	60.043.000

Член 2

Во членот 3 износот „5.100.000“ се заменува со износот „2.700.000“

Член 3

Во членот 4 износот „36.710.100“ се заменува со износот “38.600.100“.

Член 4

Во членот 5 износот „10.488.600“ се заменува со износот „11.028.600“.

Член 5

Во членот 6 износот „5.244.300“ се заменува со износот „5.514.300“.

Член 6

Во членот 7 износот „2.300.000“ се заменува со износот „2.000.000“.

Член 7

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-770/1
10 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

591.

Врз основа на член 18 точка 2) од Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/13), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА СТРАНЕЦ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА МАТИЧНИОТ БРОЈ НА СТРАНЕЦОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на определување и поништување на матичниот број на странецот, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на странецот.

Член 2

Во случај кога на странецот му е признаено право на азил согласно посебен закон, но не му е определен матичен број, истиот поднесува барање за определување на матичен број на странец (во натамошниот текст: матичен број) до Министерството за внатрешни работи.

По приемот на барањето од ставот 1 на овој член, се определува матичен број најдоцна осум работни дена од денот на приемот.

Член 3

Во случај кога на странецот му е определен погрешен матичен број или му се определени повеќе матични броеви, истиот поднесува барање за поништување на матичен број до Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството).

По приемот на барањето од ставот 1 на овој член, се поништува матичниот односно матичните броеви од ставот 1 на овој член.

Во случај кога при определувањето на матичен број настане грешка, но истиот не е внесен во службените евиденции кои се водат или во јавните исправи кои се издаваат согласно закон, матичниот број се поништува.

Член 4

Во случај кога на еден ист странец му се определени два или повеќе матични броеви, истите се поништуваат, а се употребува матичниот број кој е прв правилно определен.

Во случај кога еден од определените матични броеви е впишан во јавните исправи, останатите матични броеви се поништуваат, а се употребува матичниот број кој е впишан во јавните исправи.

Член 5

Барањето за определување на матичен број на странец по службена должност од членот 2 став 1 од овој правилник, се пополнува на образец број 1.

Образецот од ставот 1 на овој член се печати на хартија во бела боја со А4 формат и содржи:

1. назив на организациската единица во Министерството до која се поднесува барањето;
2. наслов на барањето;
3. податоци за странецот: име, презиме, ден, месец и година на раѓање; пол; место, општина и држава на раѓање; име и презиме на мајката; име и презиме на таткото; датум, место, општина и држава на раѓање на мајката; датум, место, општина и држава на раѓање на таткото; адреса на живеење на мајката и адреса на живеење на таткото;
4. датум на поднесување на барањето;
5. потпис на лицето кое го доставува барањето и
6. потпис на службеното лицето кое го определува матичниот број.

Член 6

Барањето за поништување на матичен број од членот 3 став 1 од овој правилник, се пополнува на образец број 2.

Образецот од ставот 1 на овој член се печати на хартија во бела боја со А4 формат и содржи:

1. назив на организациската единица во Министерството до која се поднесува барањето;
2. наслов на барањето;
3. основ за поништување;
4. податоци за подносителот на барањето: име; презиме; ден, месец и година на раѓање; место, општина и држава на раѓање; пол; место и адреса на живеење и адреса за контакт;
5. датум и место на поднесување на барањето;
6. потпис на подносителот на барањето;
7. податоци за контакт;
8. податоци за матичните броеви кои се поништуваат;
9. прилози кон барањето и појаснување;
10. согласност од подносителот на барањето за користење на неговите лични податоци и место за потпис на подносителот и
11. упатство за пополнување на барањето за поништување на матичен број.

Член 7

Евиденција на матичниот број се води електронски.

Член 8

Обрасците број 1 и 2, се дадени во прилог број 1 и 2, кои се составен дел на овој правилник.

Член 9

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на определувањето на матичен број на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/93).

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-8294/1
6 февруари 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Прилог број 1

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

_____
_____
_____

Б А Р А Њ Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА СТРАНЕЦ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ

ПОДАТОЦИ ЗА:

Име	Презиме

Ден, месец и година на раѓање	Пол
_____ . _____ . _____. _____	

Место, општина, држава на раѓање

Име и презиме на мајката	Име и презиме на таткото

Датум и место,општина,држава на раѓање на мајката	Датум и место, општина, држава на раѓање на таткото

Адреса на живеење на мајката	Адреса на живеење на таткото

Датум на поднесување на барањето

____.____._20_____

Потпис на лицето кое го доставува барањето _____

Потпис на службеното лице кое го определува матичниот број _____

Прилог број 2

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
_____
_____
_____

Б А Р А Њ Е
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА СТРАНЕЦ

1. ОСНОВ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ НА СТРАНЕЦ:
1.1. Погрешно определени матични броеви
1.2. Повеќе точно определени матични броеви
1.3. Исправка на датум на раѓање во матичната книга на родените
1.4. Промена на пол

2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Име	Презиме

Ден, месец и година на раѓање	Место, општина и држава на раѓање
_____ . _____ . _____	

Пол	Место и адреса на живеење	Адреса за контакт

Датум и место на поднесување на барањето

____.____._20____, _____

Потпис на подносителот

_____

Податоци за контакт _____

3. ПОДАТОЦИ ЗА МАТИЧНИТЕ БРОЕВИ КОИ СЕ ПОНИШТУВААТ:

4. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

☐	При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган
☐	Извод од матичната книга на родените/венчаните (*)
☐	Други документи неопходни за постапката

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

Доказите кои не се означени со (*) се доставуваат како копија и заверени од нотар

---

5. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 4 на ова барање.

Потпис на подносителот

_____

УПАТСТВО

ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА МАТИЧЕН БРОЈ:

- Податоците од деловите 1, 2 и 3 ги пополнува подносителот на барањето;
- Подносителот на барањето е должен при поднесување на барањето да се идентификува со важечки личен документ;
- Подносителот на барањето во делот адреса за контакт ја наведува адресата на неговото фактичко живеалиште;
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт";
- Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 4 подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

592.

Врз основа на членот 158-s, точка 1) и членот 154-е а во врска со членот 154-ш став (3) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014 и 112/2014), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ

Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување (во натамошниот текст: обука за застапник).

Обука за застапник

Член 2

(1) Обуката за застапник ја организира и спроведува Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата), врз основа на констатирана потреба, но најмалку еднаш годишно.

(2) Агенцијата со оглас во дневен печат и на својата веб-страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката за застапник.

(3) Доколку не се пријават најмалку 5 (пет) кандидати, Агенцијата може да не ја спроведе обуката за застапник.

(4) Со обуката за застапник, согласно член 4 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/2014), се опфатени 6 (девет) подрачја – модули и тоа:

1. Основи на управување со ризик и осигурување;
2. Законска регулатива од областа на осигурување;
3. Трговско и облигационо право;
4. Застапување во осигурување
5. Осигурување на живот;и
6. Неживотно осигурување.

(5) Деталната содржина на секој од модулите од обуката за застапник е разработена во Наставната програма за полагање стручен испит за застапник (во натамошниот текст: Наставна програма), која ја утврдува Агенцијата и во истата се содржани градивото, прописите и литературата.

(6) Наставната програма од став (4) на овој член Агенцијата ја објавува на нејзината веб- страница.

(7) Обуката за застапник се состои од предавања по модулите од став (4) на овој член и презентација во power point, согласно Прирачникот за подготвување на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурување, чиј издавач е Агенција.

(8) Обуката за застапник за предметите од Наставната програма ја спроведуваат предавачи (едукатори) ангажирани од страна на Агенцијата.

(9) Предавачите (едукатори) ангажирани од страна на Агенцијата за спроведување на обуката за застапник треба да поседуваат универзитетско образование и работно искуство од десет години во соодветната област за која ќе држат предавања.

(10) Во спроведување на обуката за застапник, може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и странство.

Постапка за спроведување на обука за застапник

Член 3

(1) За посета на обуката за застапник, кандидатот до Агенцијата поднесува пријава за учество на обука за застапник.

(2) Со пријавата за учество на обуката за застапник кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит за застапник пропишани во член 134-в став (2) точки 2), 3) и 6) од Законот за супервизија на осигурување и член 2 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување и доказ за уплатен надоместок за учество на обука и за полагање на стручниот испит за застапник.

(3) Висината на надоместокот, пресметан врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за застапник неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од стручниот испит за застапник, подготовката на базите на прашања, спроведување на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија, е утврден во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата.

(5) Надоместокот за учество на обука и за полагање на стручен испит за застапник кандидатите го уплаќаат на сметката на Агенцијата, најдоцна 15 (петнаесет) дена пред денот определен за почеток на обуката за застапник.

(6) Ако надоместокот за учество на обука и за полагање на стручен испит за застапник кандидатот не го уплати на сметката на Агенцијата најдоцна 15 (петнаесет) дена пред денот определен за почеток на обуката за застапник, на кандидатот нема да му се дозволи присуство на обуката за застапник, односно полагање на стручниот испит за застапник.

(7) Датумот и времето на одржување на обуката за застапник се објавува на веб-страницата на Агенцијата најмалку 3 дена пред одржување на обуката за застапник.

Член 4

(1) Обуката за застапник се одржува во просторија, предавална за одржување на обука.

(2) Во просторијата за одржување на обука, за време на обуката се присутни двајца членови на Комисијата за спроведување на стручниот испит за застапник од член 7 став (4) од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување и предавачот (едукаторот) од предметниот модул.

(3) Просторот и условите за одржување на обуката за застапник ги обезбедува правно лице со кое Агенцијата склучила Договор за изнајмување на простории за обука.

Член 5

Пред почетокот на обуката за застапник, членовите на Комисијата за спроведување на стручниот испит за застапник го утврдуваат идентитетот на кандидатот со увид на лична карта или патна исправа.

Член 6

Стручниот испит за застапник се спроведува во рок од најмалку 15 дена од денот на завршување на обуката за застапник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 0201-134/4
6 февруари 2015 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

593.

Врз основа на членот 158-s, точка 1) и членот 154-е а во врска со членот 154-ш став (3) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014 и 112/2014), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ

Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи (во натамошниот текст: обука за брокер).

Обука за брокер

Член 2

(1) Обуката за брокер ја организира и спроведува Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата), врз основа на констатирана потреба, но најмалку еднаш годишно.

(2) Агенцијата со оглас во дневен печат и на својата веб-страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката за брокер.

(3) Доколку не се пријават најмалку 5 (пет) кандидати, Агенцијата може да не ја спроведе обуката за брокер.

(4) Со обуката за брокер, согласно член 4 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење осигурително брокерски работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/2014), се опфатени 9 (девет) подрачја – модули и тоа:

1. Основи на управување со ризик и осигурување;
2. Законска регулатива од областа на осигурување;
3. Трговско и облигационо право;
4. Посредување во осигурување и етички кодекс;
5. Осигурување на живот;
6. Неживотно осигурување;
7. Финансиски аспекти на работењето;
8. Снимање на ризик и посредување при реализирање на штети; и
9. Реосигурување.

(5) Деталната содржина на секој од модулите од обуката за брокер е разработена во Наставната програма за полагање стручен испит за брокер (во натамошниот текст: Наставна програма), која ја утврдува Агенцијата и во истата се содржани градивото, прописите и литературата.

(6) Наставната програма од став (4) на овој член Агенцијата ја објавува на нејзината веб- страница.

(7) Обуката за брокер се состои од предавања по модулите од став (4) на овој член и презентација во power point, согласно Прирачникот за подготвување на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи, чиј издавач е Агенција.

(8) Обуката за брокер за предметите од Наставната програма ја спроведуваат предавачи (едукатори) ангажирани од страна на Агенцијата.

(9) Предавачите (едукатори) ангажирани од страна на Агенцијата за спроведување на обуката за брокер треба да поседуваат универзитетско образование и работно искуство од десет години во соодветната област за која ќе држат предавања.

(10) Во спроведување на обуката за брокер, може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и странство.

Постапка за спроведување на обука за брокер

Член 3

(1) За посета на обуката за брокер, кандидатот до Агенцијата поднесува пријава за учество на обука за брокер.

(2) Со пријавата за учество на обуката за брокер кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит за брокер пропишани во член 138 став (1) точки 1), 4), и 5) од Законот за супервизија на осигурување и член 2 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење осигурително брокерски работи и доказ за уплатен надоместок за учество на обука и за полагање на стручниот испит за брокер.

(3) Висината на надоместокот, пресметан врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за брокер неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од стручниот испит за брокер, подготовката на базите на прашања, спроведување на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија, е утврден во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата.

(5) Надоместокот за учество на обука и за полагање на стручен испит за брокер кандидатите го уплаќаат на сметката на Агенцијата, најдоцна 15 (петнаесет) дена пред денот определен за почеток на обуката за брокер.

(6) Ако надоместокот за учество на обука и за полагање на стручен испит за брокер кандидатот не го уплати на сметката на Агенцијата најдоцна 15 (петнаесет) дена пред денот определен за почеток на обуката за брокер, на кандидатот нема да му се дозволи присуство на обуката за брокер, односно полагање на стручниот испит за брокер.

(7) Датумот и времето на одржување на обуката за брокер се објавува на веб-страницата на Агенцијата најмалку 3 дена пред одржување на обуката за брокер.

Член 4

(1) Обуката за брокер се одржува во просторија, предавална за одржување на обука.

(2) Во просторијата за одржување на обука, за време на обуката се присутни двајца членови на Комисијата за спроведување на стручниот испит за брокер од

член 7 став (4) од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење осигурително брокерски работи и предавачот (едукаторот) од предметниот модул.

(3) Просторот и условите за одржување на обуката за брокер ги обезбедува правно лице со кое Агенцијата склучила Договор за изнајмување на простории за обука.

Член 5

Пред почетокот на обуката за брокер, членовите на Комисијата за спроведување на стручниот испит за брокер го утврдуваат идентитетот на кандидатот со увид на лична карта или патна исправа.

Член 6

Стручниот испит за брокер се спроведува во рок од најмалку 15 дена од денот на завршување на обуката за брокер.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 0201-134/5
6 февруари 2015 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Климе Попоски,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

594.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ" бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ШАРРИ ДООЕЛ с. Требош, Желино со седиште на ул."101"бб Требош, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 13.2.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ШАРРИ ДООЕЛ с. Требош, Желино со седиште на ул."101" бб Требош, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од биогас добиен од биомаса „ГАСНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ЕЛЕКТРО ШАРРИ".

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија", кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-07/15
13 февруари 2015 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата
Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ШАРРИ ДООЕЛ с. Требош, Желино со седиште на ул."101" бб Требош

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата
Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија

3. Датум на издавање на лиценцата
13.02.2015 година

4. Датум на важење на лиценцата
13.02.2050 година

5. Евидентен број на издадената лиценца
ЕЕ - 226.01.1/15

6. Број на деловниот субјект - 6571441

7. Единствен даночен број - 4050010500500

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши
Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, од биогасна електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во биогасна електроцентрала „ГАСНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ЕЛЕКТРО ШАРРИ" на КП бр. 548/4 и КП 548/5 КОТребош, Општина Желино.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со произведен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија
Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на

енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ШАРРИ ДООЕЛ с. Требош, Желино со седиште на ул."101" бб Требош, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

VI. Податоци за биогасна електроцентрала приклучена на дистрибутивна мрежа:

1. име на биогасна електроцентрала - „ГАСНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ЕЛЕКТРО ШАРРИ“ со планирана моќност од 999 кW;

2. општи податоци:

- година на почеток на градба - 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2015 година,
- година на почеток на работа - 2015 година,
- проценет животен век на биогасна централа - 40 години.

3. податоци за опрема:

- број на генераторски единици - една,
- тип, производител и номинални податоци на генератор - тип JMS 416 GS – B. LC, производител GE Jenbacher;
- Номинални податоци на генератор:
- Активна моќност: 999 кW,
- Номинален напон 0,4 кV,
- брзина на вртење 1500 min-1,
- фреквенција 50Hz,
- cosφ= 1
- Вкупна инсталирана моќност: 999 кW.

4. тип, производител и номинални податоци на трансформатор - SCHNEIDER тип suv, TRICAST 1250/20-10,

- Номинални податоци натрансформатор:
- Привидна моќност: 1250 kVA,
- Номинален напон 0,4 /10 kV/kV,

5. очекувано производство на електрична енергија – 8 191 800 kW – годишно.

595.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство на електрична енергија БНБ ЕНЕРЏИ ДОО експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Сава Ковачевиќ бр.1 ламела 4 - 2 Скопје, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 13.02.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата на Друштвото за производство на електрична енергија БНБ ЕНЕРЏИ ДОО експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Сава Ковачевиќ бр.1 ламела 4 - 2 Скопје, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала МХЕЦ „ Брза Вода 3“ со реф. бр.95 издадена со Одлука УП1 бр. 07-207/14 од 01.12.2014 година, („Службен весник на РМ“ бр. 179/14) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-207/14
13 февруари 2015 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштвото за производство на електрична енергија БНБ ЕНЕРЏИ ДОО експорт – импорт Скопје, со седиште на ул. Сава Ковачевиќ бр.1 ламела 4 - 2 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата

13.02.2015 година

4. Дарум на важење на лиценцата

13.02.2050 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ – 219.01.1/14

6. Број на деловниот субјект – 6747990

7. Единствен даночен број – 4058011511549

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроелектрана МХЕЦ „Брза Вода 3“ бр. 95 на КП 694, 2564, 2578 КО Ѓермо, општинаТетово.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на носителот на лиценца како и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;
- ги почитува, Пазарните правила, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон;
- се придржува кон законите, прописите, стандардите, препораките и други општи акти,
- доколку носителот на лиценцата се стекне со Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за откупување на целокупната произведена електричната енергија во мала хидроелектрана, да го почитува Договорот склучен со МЕПСО АД Скопје, односно Операторот на пазарот на електрична енергија, за откуп на целокупната произведена електрична енергија;
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- обезбеди достапност на планираната електрична моќност и енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- го достави Договорот за откуп на електрична енергија до Регулаторната комисија за енергетика;
- се придржува кон склучениот Договор за откуп на електрична енергија;
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

13. Планирање на одржување на производните капацитети

Заради сигурно и ефикасно функционирање на производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, носителот на лиценцата е должен истите да ги одржува во исправна и функционална состојба.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе План за одржување на производните капацитети за период од пет години, годишна програма за реализација на планот, како и мислење за услогласеност на Планот од носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија.

Планот за одржување на производните капацитети особено треба да содржи:

- опис на функционална состојба на производните капацитети;
- потреба од ревитализација на производните капацитети;
- финансиски извори за реализација на планот.

14. Обврска за информирање

Носителот на лиценцата е должен да им ги обезбеди на операторот на преносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија односно снабдувачот со електрична енергија во краен случај како и носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Пазарните правила.

15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

16. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија ги добива од сите учесници на пазарот на електрична енергија.

17. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на производство на електрична енергија во текот на претходната година, вкупно и за секој произведен капацитет поодделно (вкупна количина на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија, сопствена потрошувачка, број и времетраење на планираните и непланираните прекини, како и за причините за нивно настанување);

2. финансиски извештај за енергетската дејност производство на електрична енергија, составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики, и
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;

3. превземени мерки во текот на претходната година за:

- заштита на објектите и средствата преку кои се врши енергетската дејност од надворешни влијанија и хаварии, како и нивно осигурување,
- заштита при работа,
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
- обезбедување на енергетска ефикасност,
- вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;

4. остварување на годишната програма за реализација на Планот за одржување на производните капацитети, во претходната година;

5. извршување на програма за ремонти во претходната година;

6. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија;

7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;

8. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;

9. превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

18. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Трошоците за вакцинацијата против Класичната чума кај свињите на животните кои се одгледуваат во одгледувалишта со повеќе од 11 животни годишно во целост се на товар на одгледувачот/сопственикот на животните. Трошоците за вакцинацијата против Класичната чума кај свињите на животните во одгледувалишта со помалку од десет животни годишно ќе се исплатат согласно одредбите од Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2015 година во висина од 50% од висината на цената утврдена за оваа активност согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен инстерес од областа на здравствена заштита на животните, а останатите 50% се на товар на соспственикот на животните.

Трошоците за утврдување на имунитетот во целост се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2015 година.

2. ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ КУЧИЊАТА

2.1. Беснило и дехелментизација

Во 2015 година, сите домашни кучиња и мачки треба да бидат вакцинирани против Беснило на целата територија на Република Македонија во периодот од 15 јануари до 30 јуни 2015 година. Вакцинацијата треба да се врши согласно Правилникот за начинот и постапката за пријавување на Беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се преземат за сузбивање и искоренување на Беснило.

Паралелно со вакцинацијата против Беснило, животните задолжително треба да бидат и дехелментизирани со средство кое делува против Ехинококозата.

Трошоците за вакцинацијата против Беснило и дехелментизацијата во целост се на товар на сопствениците на животните.

2.2. Кучиња скитници

Кучињата скитници кои согласно член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните привремено се задржани во прифатилиштата задолжително треба да бидат вакцинирани против Беснило, дехелментизирани со средство кое делува против Ехинококозата и испитани на Лајшманиоза во Националната референтна лабораторија. Кучињата кај кои ќе се утврди позитивен тест на Лајшманиоза ќе бидат еутаназирани.

Вакцинацијата, дехелментизацијата, земањето мостри и дијагностичкото испитување и евентуална еутаназија во целост се на товар на општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје.

3. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВИНАТА

3.1. Класична чума кај живината (Авијарна Инфлуенца кај живината) и Западно-нилска треска (West Nile virus)

Во текот на 2015 година заради утврдување на присуство на ниско патогена Авијарна инфлуенца кај живината и другите птици предизвикана од вируси на

Авијарна инфлуенца од подтиповите H5 и H7 ќе се спроведе активен надзор над Авијарната инфлуенца со лабораториско испитување. Надзорот ќе се спроведува кај сите категории на живина држена интензивно и екстензивно и кај дивите птици. Дијагностичките испитувања ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на Авијарната инфлуенца на начин и во временските рокови утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Во рамките на спроведувањето на надзорот официјалните ветеринари ќе земаат клоакални и трахеални брисови од живината која се држи интензивно, ветеринарните друштва ќе земаат клоакални и трахеални брисови кај живината која се држи екстензивно додека ловните друштва треба да го пријават отстрелот на диви птици до официјалните ветеринари кои ќе земаат клоакални и трахеални брисеви.

Испитувањето на мострите се врши во Националната референтна лабораторија.

Резултатите добиени со дијагностичкото испитување на мострите на Авијарна инфлуенца како резултат на имплементирање на програмата на надзор се пријавуваат во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Одгледувачите на живина, ловните друштва, орнитолозите, одгледувачите на гулаби и сите други правни и физички лица кои имаат контакт со живина и диви птици и учествуваат во спроведувањето на надзорот треба веднаш и без одлагање да пријават до Агенцијата за храна и ветеринарство зголемена и не вообичаена смртност или епидемија на болест која се појавува кај животните и дивите птици особено кај дивите водни птици.

Надзорот кој се спроведува за Авијарна инфлуенца ќе биде искористен за земање мостри за испитување на присуство и на вирусот на западен нил (West Nile Virus).

Земањето, пакување и транспорт на мострите до Националната референтна лабораторија се врши на начин утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Земањето примероци и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

3.2. Њукастелска болест

Целата живина на територијата на Република Македонија ќе се вакцинира против Њукастелската болест два пати годишно со жива атенуирана вакцина приготвена од сојот Ла Сота. Вакцинацијата ќе ја вршат ветеринарните друштва, водејќи сметка за потенцијата на вакцината и упатството од производителот. Првата вакцинација ќе се изврши на пролет, додека втората вакцинација ќе се изврши на есен. Кај новоизведената живина вакцинацијата може да се изврши и помеѓу наведените периоди.

Во случај на потврдување на болеста, ќе се применат мерките пропишани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Њукастелската болест.

За живината која е убиена и нештетно одстранета заради сузбивање на Њукастелската болест, на сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се исплаќа надоместок на штетата. Доколку живината не била вакцинирана, нема да биде исплатен надомест на штетата.

Трошоците за вакцинацијата на живината во целост е на товар на сопствениците на живината.

4. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ КОПИТАРИТЕ

4.1. Антракс

Во населените места каде ќе се изврши превентивна вакцинација против антракс дадени во Прилог 1 кој е составен дел од оваа наредба ќе се изврши превентивна вакцинација на коњите против Антраксот најдоцна до 31 мај, согласно упатството на производителот на вакцината.

Коњите можат да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата поминало најмалку две недели.

Ново внесените животни, животните кои во рокот од ставот 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против Антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

4.2. Западно-нилска треска

Заради утврдување на епизоотиолошката состојба со болеста Западно-нилска треска во Република Македонија ќе се изврши лабораториско тестирање на статистички примерок од коњите.

За спроведување на монитоиринг за присуството на болеста Западно-нилска треска, бројот на животни, местото од кое потекнуваат, временските рокови и дијагностичките тестови се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство во зависност од епизоотиолошката состојба согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за земањето примероци и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

5. ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ ПЧЕЛИТЕ

5.1. Американската чума на пчелното легло

Во случај на сомнеж на Американска чума на пчелното легло, сопственикот/одговорното лице за пчеларникот треба да го извести овластеното ветеринарно друштво со кое има склучено договор, при што доктор по ветеринарна медицина ќе изврши преглед на сите пчелни легла во пчеларникот и доколку постои сомнеж на Американска чума на пчелното легло, ќе го извести надлежниот официјален ветеринар. Во присуство на официјалниот ветеринар ќе се земат мостри од сомнителните пчелни легла и ќе испратат на лабараториско испитување.

Трошоците за клинички преглед на пчелните семејства се во целост на товар на сопственикот односно одговорното лице во пчеларникот.

Трошоците за земање, пакување, испраќање и лабораториското испитување на мострите во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

Во случај на потврдување на болеста, ќе се применат мерките пропишани во Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на заразни болести кај пчелите.

За штета настаната при сузбивањето на Американската чума на пчелно легло на сопственикот на пчелите, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, му се обезбедува надоместок на штетата.

6. БОЛЕСТИ КАЈ ДИВЕЧОТ

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови треба да ги пријават и достават мршите од угинатиот дивеч до официјалниот ветеринар кој ќе ги достави на лабораториско испитување до Националната референтна лабораторија заради утврдување на причините за угинување.

6.1. Класична чума кај дивите свињи и бруцелоза

Сите застрелани диви свињи, задолжително треба да се испитаат на присуство на Класичната чума кај свињите и Бруцелоза. Земањето на мостри и видот на дијагностичкото испитување се врши на начин утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за лабораториското испитување во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

6.2. Беснило

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на беснило кои ќе се спроведуваат во 2015 година ќе бидат во согласност Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се преземат за сузбивање и искоренување на беснилото.

Лисиците заловени во рамките на мониторингот на успешноста на оралната вакцинација против беснило и сите застрелани волци ќе бидат испитани на присуство на болеста.

Трошоците за земање мостри и лабораториско испитување се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

6.3. Трихинелоза

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови од сите отстрелани диви свињи треба да испратат материјал за испитување (мускулен дел од дијафрагмата, дел од масетерот/или меѓуребрена мускулатура) на присуство на Трихинелоза до Националната референтна лабораторија.

Трошоците за лабораториското испитување се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

6.4. Туларемија, Хеморагична болест кај зајаците и Миксоматоза

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ќе ги испратат зајаците угинати во ловиштето на лабораториско испитување на Туларемија, Хеморагична болест кај зајаците и Миксоматоза.

Трошоците за лабораториското испитување се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

7. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ОВЦИТЕ И КОЗИТЕ

7.1. Бруцелоза кај овците и козите

Мерките за надзор, контролата и искоренувањето на бруцелозата кај овци и кози во 2015 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози.

Дијагностицирањето на бруцелозата кај овци и козите се врши на начин и во временски рокови со дијагностичките тестови кои се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Позитивните овци и кози на Бруцелоза по добивањето на резултатот, ќе бидат заклани од нужда или еутаназирани и нештетно одстранети. На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените грла му се обезбедува надоместок на штетата. Останатите животни можат да се движат само директно во кланица при што надлежниот официјален ветеринар издава документ за испраќање на животни во кланица од одгледувалишта под службен надзор, утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Вадењето крв ќе се врши во нови, стаклени тенкослојни, антихемолитични епрувети.

Вакцинацијата, вадењето на крв и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

7.2. Антракс

Во населените места од Прилог 1 на оваа наредба ќе се изврши превентивна вакцинација на овците и козите против антраксот најдоцна до 31 мај, согласно упатството на производителот на вакцината.

Овците и козите е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата поминало најмалку две недели.

Ново внесените животни, животните кои во рокот од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

7.3. Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (Скрепи)

Мерките за надзор, контролата и искоренувањето на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии (Скрепи) кај овците и козите во 2015 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии. На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените грла му се обезбедува надоместок на штетата.

Трошоците за лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2015 година.

7.4. Ентеротоксемија кај овците

Заради подобрување на епизоотиолошката состојба со болеста ентеротоксемија и намалување на морталитетот кај овците и јагнињата, во 2015 година ќе се врши задолжителна вакцинација на сите овци и кози против ентеротоксемија кај овците.

Вакцинацијата ќе ја спроведуваат ветеринарните друштва кои имаат склучено договор со одгледувачот на овци и кози за што траба да издадат потврда.

Трошоците за вакцинација во целост се на товар на одгледувачот на овците и козите.

8. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ ГОВЕДАТА

8.1. Бруцелоза кај говедата

Мерките за надзор, контролата и искоренувањето на бруцелозата кај говедата во 2015 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата.

Дијагностицирањето на бруцелозата кај говедата се врши на начин и во временски рокови со дијагностичките тестови кои се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната. Останатите животни можат да се движат само директно во кланица при што надлежниот официјален ветеринар издава документ за испраќање на животни во кланица од одгледувалишта под службен надзор утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Вадењето крв ќе се врши во нови стаклени тенкослојни антихемолитични епрувети.

Крвните проби кои се несоодветни за дијагностичко испитување нема да бидат признати за исплата.

На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените животни му се обезбедува надоместок на штетата.

Земањето на крвни проби, пакувањето, испраќањето и лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

8.2. Антракс

Во населените места од Прилог 1 од оваа наредба ќе се изврши превентивна вакцинација на говедата, против антраксот најдоцна до 31 мај, согласно упатството на производителот на вакцината.

Говедата е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата поминало најмалку две недели.

Ново внесените животни, животните кои во рокот од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против антраксот во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

8.3. Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии

Мерките за пратењето, контролата и искоренувањето на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии кај говедата во 2015 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии.

На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарното здравство, за одземените грла му се обезбедува надоместок на штетата.

Трошоците за лабораториските испитувања во целост се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2015 година.

8.4. Туберкулоза

Мерките за надзор, контролата и искоренувањето на туберкулозата кај говедата во 2015 година ќе се вршат согласно Програмата за сузбивање и искоренување на туберкулоза кај говедата.

Дијагностицирањето на туберкулозата кај говедата се врши на начин и во временски рокови со дијагностичките тестови кои се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

На сопственикот на животните, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство, за одземените позитивни грла му се обезбедува надоместок на штетата. Останатите животни можат да се движат само директно во кланица при што надлежниот официјален ветеринар издава документ за испраќање на животни во кланица од одгледувалишта под службен надзор утврден од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Трошоците за туберкулинизацијата со единечен интракутан тест се на товар на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во 2015 година во висина од 50% согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен инстерес од областа на здравствена заштита на животните, а останатите 50% се на товар на соспственикот на животните. Компаративниот интракутан тест, лабораториските испитувања и ретестирањето на животните во одгледувалиштата каде имало позитивни или сомнителни животни во целост се на товар на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2015 година.

9. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАЈ АКВАКУЛТУРАТА

9.1. Категоризација и одобрување на објекти

Заради утврдување на здравствената состојба и здравствениот статусот во објектите за производство на аквакултура како и за унапредување на нивото на здравствена заштита на акватичните животни во Република Македонија, во 2015 година ќе се спроведат контроли на објектите за производство на аквакултура и преработка на аквакултура и нивна категоризација врз основа на степенот на ризик во одгледувалиштето во однос на пренос и ширење на болести согласно Правилникот за дополнителни услови за надзор кај акватични животни врз основа на анализа на ризик(*1).

Во текот на 2015 година ќе се спроведе одобрување на објектите за производство на аквакултура и преработка на аквакултура согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура(*2).

Дијагностички испитувања во текот на 2015 година ќе се врши во Националната референтна лабораторија. Резултатите добиени со дијагностичките испитувања на мострите се пријавуваат во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Утврдувањето на здравствената состојба на аквакултурата, категоризацијата на објектите како и одобрувањето на објектите за производство на аквакултура и преработка на аквакултура ќе се врши на начин и со дијагностички тестови кои се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

9.2 Вирусна хеморагична септикемија (ВХС) и Инфективна хематопоетска некроза (ИХН)

Клинички преглед и/или земање на примероци од рибите и/или оваријална течност од пастрмки во објектите за производство и преработка на аквакултура. Клиничкиот преглед, начинот на земање и количината на мостри за испитување на ВХС/ИХН треба да се врши согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура(*2).

Мострите ги зема и испраќа на лабораториско испитување официјален ветеринар.

Трошоците за земањето мостри и дијагностичките испитувања за ВХС/ИХН во целост се на товар на Програмата за користење за средства за здравствена заштита на животните во 2015 година.

Клиничкиот преглед и земањето мостири како и дијагностичките испитувања ќе се врши на начинот и роковите кои се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

9.3. Останати болести кај рибите

Заради докажување на Заразната некроза на панкреасот кај пастрмките (ИПН) ќе се изврши лабараториско (вирусолошко испитување) на подмладокот во јуни, а на матичното јато во декември.

Задолжително контролно испитување на Бактериски нефритис кај пастрмките (БКД) треба да се изврши во пролет и на есен.

Заради контрола, сузбивање и искоренување на Пролетната виремија на крапот (ПВК), задолжително ке се врши дијагностичко испитување. Редовно испитување еднаш годишно во рана пролет, треба да се врши во рибниците кои произведуваат конзумна риба, рибен подмладок како и кај одгледувачите на крап во кафезните фарми.

Материјалот потребен за порибување на отворените води, реките и акумулациите, мора претходно да биде прегледан и да потекнува од фарми кои се слободни од оваа болест.

Мострите ги зема и испраќа на лабораториско испитување ветеринарното друштво кое има склучено договор со сопственикот/одгледувачот на рибите. Трошоците за земањето мостри и дијагностичките испитувања во целост се на товар на сопствениците.

Контрола и сузбивбање на болестите Заразната некроза на панкреасот кај пастрмките (ИПН), Бактериски нефритис кај пастрмките (БКД) и Пролетната виремија на крапот (ПВК) како и дијагностичките тетстови ќе се врши на начинот и роковите кои се утврдени од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 20 став (1) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната.

Член 2

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација ќе се врши во одгледувалиштата, објектите и дворовите за одгледување на животни при појава на болести кои задолжително се пријавуваат од овластените ветеринарни друштва по наредба од надлежниот ветеринарен инспектор.

Член 3

Идентификација и регистрација на животните

Заради контрола на движењето и здравствената состојба на животните во 2015 година ќе се продолжи со спроведување на системот за идентификација и регистрација на говедата, овците, козите, свињите и пчелите.

Идентификација и регистрација на домашни миленици треба да се спроведува согласно одредбите од Правилникот за идентификација и регистрација на домашните миленици.

Член 4

Институција која ќе го врши лабораториското испитување

Лабораториските испитувања предвидени со оваа наредба ќе ги извршува Националната референтна лабораторија согласно член 11 од Законот за ветеринарно здравство, која за спроведување на лабораториски испитувања за наведените активности има склучено договор со Агенцијата за храна и ветеринарство.

Член 5

Ветеринарни друштва кои ги спроведуваат мерките согласно оваа наредба

Мерките предвидени со оваа наредба ги извршуваат ветеринарните друштва кои согласно член 41 од Законот за ветеринарно здравство и член 24 од Законот за идентификација и регистрација на животните имаат склучено договор за вршење на активности за спроведување на превентивните активности. За извршување на мерките, се плаќа надоместок определен согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

Мерките од член 1, точка 1, подточка 1.1, точка 2, подточки 2.1 и 2.2, точка 3, подточка 3.2, точка 4, подточка 4.1 и точка 7, подточка 7.4 од оваа наредба кои во целост се на товар на одгледувачот, општината, општините во градот Скопје односно градот Скопје ќе ги спроведуваат ветеринарни друштва кои имаат склучено договор со одгледувачот, општината, општините во градот Скопје односно градот Скопје.

Член 6

Вакцини, ветеринарно медицински препарати и помошни средства

Вакцините, ветеринарно медицински препарати и помошните средства кои се користат за спроведување на мерките од оваа наредба треба да бидат регистрирани во Република Македонија.

Член 7

Водење евиденција и известување за спроведените активности

Крвта и другиот материјал кој ветеринарното друштво ги испраќа на лабораториско испитување треба да бидат пропратени согласно методологијата на работа на Ветеринарниот информативен систем ВИС систем.

Националната референтна лабораторија, ги прима примероците за лабораториско испитување, само доколку истите се соодветно пропратени и води компјутерска евиденција за извршените лабораториски анализи. Националната референтна лабораторија резултатите од извршените лабораториски анализи ги доставува до ВИС системот, Агенцијата за храна и ветеринарство, официјалните ветеринари и ветеринарните друштва кои ги доставиле примероците, веднаш по електронски пат и најдоцна за 72 часа по писмен пат.

Ветеринарните друштва, кои ги извршуваат активностите утврдени со оваа наредба, ги внесуваат податоците за извршените активности во ВИС на месечно ниво, најдоцна до 5-ти наредниот месец.

За сите активности кои се извршени согласно оваа наредба (вклучително и активностите кои во целост се на товар на сопственикот), ветеринарното друштво ќе пополни "Потврда за извршените активности" во три примероци од кои по една за сопственикот на животните, официјалниот ветеринар и ветеринарното друштво.

Формата и содржината на потврдата за извршените активности се дадени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа наредба.

Потврдата за извршени активности од ставот 5 на овој член ја изготвува и издава Ветеринарна комора на Република Македонија.

Доколку сопственикот на животните одбие спроведување на некои од наредените мерки во неговото одгледувалиште, ветеринарното друштво задолжително за тоа треба да го извести официјалниот ветеринар со пополнување на пријавата за одбивање за спроведување на наредените мерки. Формата и содржината на пријавата се дадена во Прилог 3 кој е составен дел од оваа наредба.

Говедата, овците, козите, свињите, домашните миленици и пчеларниците кои подлежат на некоја од мерките пропишани со оваа годишна наредба треба да бидат трајно идентификувани и регистрирани според Законот за идентификација и регистрација на животните.

Член 8

Завршна одредба

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-13/3 12 февруари 2015 година Скопје	Директор на Агенција за храна и ветеринарство, м-р **Зоран Поповски**, с.р.

(*1) Правилникот за дополнителни услови за надзор кај акватични животни врз основа на анализа на ризик, е усогалсен со Одлуката на Советот 2008/896/ЕЗ од 20.11.2008 година за насоки за програма за надзор на здравствена заштита кај акватичните животни заснова на проценка на ризик согласно Директива на Советот 2006/88/ЕЗ. CELEX број 32008D0896.

(*2) Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура, е усогласен со Директивата на Советот 2006/88/ЕЗ од 24.10.2006 година за здравствени барања за аквакултурата и производи од аквакултура и за спречување и контрола на одредени болести кај водни животни. CELEX број 32006L0088.

Прилог 1

Преглед на населени места каде ќе се изврши превентивна вакцинација против Антракс кај овци/кози, говеда и коњи.

година/станал дистрикт	Населено Место	Епизоотиолошка единица	година под контрола (до кога трае дистриктот)
2000	Јажинце	Јегуновце	2020
2003	Забрчани	Прилеп	2023
2003	Бачиште	Зајас	2023
2003	Лешница	Зајас	2023
2003	Речани	Зајас	2023
2003	Грешница	Зајас	2023
1996	Бунеш	Пробиштип	2016
2003	Горно Барбарево	Пробиштип	2024
2003	Трипатанци	Пробиштип	2023
2001	Лепопелци	Чешиново-Облешево	2021
2001	Спанчево	Чешиново-Облешево	2021
2001	Соколарци	Чешиново-Облешево	2021
2001	Жиганци	Чешиново-Облешево	2021
2001	Новоселани	Чешиново-Облешево	2021
2001	Врбица	Чешиново-Облешево	2021
2009	Велес	Велес	2029
2003	Оризари	Велес	2023
2002	Радуша	Скопје	2022
2000 2001	Каратманово Сопот	Лозово Свети Николе	2020 2021
1999	Могила	Могила	2019

Прилог 2

ПОТВРДА ЗА ИЗВРШЕНА АКТИВНОСТ СОГЛАСНО ГОДИШНАТА НАРЕДБА ВО _____ ГОДИНА

Податоци за одгледувалиштето

Име и презиме_____ РБО |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Адреса_____ Нас. место_____ Општина_____

Вкупен број на животни во електронската база на податоци: овци _____; кози _____; говеда_____; свињи_____;

Болест	**Активност**	**Датум**	**Број**
_____	_____	_____	_____
_____	_____	_____	_____

Забелешка:

Назив и печат на ветеринарното друштво

Потпис и факсимил на овластеното лице

Потпис на одгледувачот

Датум на издавање

Прилог 3

ПРИЈАВА бр:___

(за одбивање за извршување на наредени мерки)

На ден _____ 2015 година, ветеринарното друштво

_____беше

одбиен од одгледувачот_____со РБО

_____.

од населено место/адреса _____

епизоотиолошка единица _____

да се извршат наредените мерки _____

_____, предвидени со

Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2015 година

Причините за одбивање се :

Забелешки :

Одговорно лице од ветеринарното друштво:

_____

(потпис)

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

600.

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10,148/2011), Комората на извршители на РМ на ден 12.2.2015 година, го донесе следново

Р Е Ш Е Н И Е

Се определува денот 16.02.2015 година за датум на почеток со работа на извршител Силвана Митевска именувана за подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

На ден 5.12.2014 година лицето Силвана Митевска е именувано за подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе со Решение на министерот за правда бр.09-3556/2.

На ден 29.1.2015 година Силвана Митевска достави до Комората на извршители доказ за именувањето, повелба за именување и случен договор за осигурување од одговорност.

Согласно наведеното, Комората на извршители на РМ, врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување, одлучи како во изреката на ова решение.

Бр. 03-109/5
12 февруари 2015 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Македонија,
Претседател,
Зоран Петрески, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

601.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Адриа Медиа Лимитед, Кипар и ИКО Балкан С.Р.Л., Романија, а поднесено од Адриа Медиа Лимитед, преку Полномошници на подносителот на известувањето Леонид Ристев и Ѓорѓи Георгиевски адвокати од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 09.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Адриа Медиа Лимитед (Adria Media Limited) со главно седиште на Посеидонос, 1 Ледра Бизнис Центар, 2406, Егкоми, Никозија, Кипар и ИКО Балкан С.Р.Л. (IKO Balkan S.R.L.) со главно седиште на Г-РАЛ Давид Прапоргеску бр. 1-5, 5. Спрат, стан 12, Букурешт, Романија, по основ на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…..03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-144
9 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

602.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Словениа Бродбенд С.а.р.л., Луксембург и Солфорд Трејдинг Лимитед, Кипар, а поднесено од Словениа Бродбенд С.а.р.л., преку Полномошници на подносителот на известувањето Леонид Ристев и Ѓорѓи Георгиевски адвокати од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 09.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Словениа Бродбенд С.а.р.л.(Slovenia Broadband S.a.r.l.) со главно седиште на 5 руе Гуиллиам Кролл, Л-1882 Луксембург и Солфорд Трејдинг Лимитед (Solford Trading Limited), со главно седиште на Посеидонос Стр, Ледра Бизнис Центар, 2406 Егкоми, Никозија, Кипар, по основ на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…..03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-145
9 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

603.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10 и 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Адриа Бидко Б.В. (Adria Bidco B.V.) со седиште на Фред. Роескестраат 123 1076 ЕЕ Амстердам, Холандија и Словениа Бродбенд С.а.р.л. (Slovenia Broadband S.a.r.l.) со седиште на 5, улица Гијом Крол Л-1882 Луксембург и помеѓу Адриа Бидко доо (Adria Bidco doo) со седиште на ул. Цинцар Јанка бр. 3, 11000 Белград, Србија и СРБИЈА БРОДБЕНД - СРПСКЕ КАБЛОВСКЕ МРЕЖЕ ДОО (SERBIA BROADBAND – SRPSKE KABLOVSKE MREZE DOO) со седиште на Булевар Зоран Џинџич 8а, Нов Белград, Србија, а поднесено од Адриа Бидко Б.В. Холандија и Адриа Бидко доо Србија, преку полномошници Адвокат Марија Филиповска од Скопје и Адвокатско Друштво Дебарлиев, Дамески & Ќелешоска, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 05.12.2013 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Адриа Бидко Б.В. (Adria Bidco B.V.) со седиште на Фред. Роескестраат 123 1076 ЕЕ Амстердам, Холандија и Словениа Бродбенд С.а.р.л. (Slovenia Broadband S.a.r.l.) со седиште на 5, улица Гијом Крол Л-1882 Луксембург и помеѓу Адриа Бидко доо (Adria Bidco doo) со седиште на ул. Цинцар Јанка бр. 3, 11000 Белград, Србија и СРБИЈА БРОДБЕНД - СРПСКЕ КАБЛОВСКЕ МРЕЖЕ ДОО (SERBIA BROADBAND – SRPSKE KABLOVSKE MREZE DOO) со седиште на ул. Булевар Зоран Џинџич 8а, Нов Белград, Србија, по основ на стекнување удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-146
5 декември 2013 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

604.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Ремхо Бетаилигунгс ГмбХ (Remho Beteiligungs GmbH), Австрија и ХЕЛИОС сеставлјено подјејтје за капиталске наложбе ин развој, д.д. (HELIOS sestavljeno podjetje za kapitalske nalozbe in razvoj, d.d.) Словенија, а поднесено од Ремхо Бетаилигунгс ГмбХ (Remho Beteiligungs GmbH), преку Адвокатското друштво Поленак од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 09.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Ремхо Бетаилигунгс ГмбХ (Remho Beteiligungs GmbH) со главно седиште на Алзербахштрасе 14-16 Палас Лихтенштајн, 1090 Виена, Австрија (AlserbachstraBe 14-16 Palais Liechtenstein, 1090 Wien, Austria) и ХЕЛИОС сеставлјено подјејтје за капиталске наложбе ин развој, д.д. (HELIOS sestavljeno podjetje za kapitalske nalozbe in razvoj, d.d.), со главно седиште на Количево 2, 1230 Домжале, Република Словенија (Kolicevo 2, 1230 Domzale, Slovenija), по основ на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…..03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-148
9 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

605.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација со која лицето Крассимир Гуергов, државјанин на Република Бугарија ќе се стекне со контрола над Дирецт Медиа доо Белград, Србија, а поднесено од лицето Крассимир Гуергов, преку Адвокатско Друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 09.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која лицето Крассимир Гуергов, државјанин на Република Бугарија со адреса на Обориште 19, Софија, Бугарија ќе стекне контрола над Дирецт Медиа доо Белград, со седиште на Антифашистичка борба 13б, Белград, Србија иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен

број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…..03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-149
9 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

606.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10 и 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу САГА доо Белград (SAGA doo Beograd) со седиште на Ул. Милентија Поповиќа 9, Нов Белград, Белград Србија и СМАРТ доо Нови Сад (SMART doo Novi Sad) со седиште на Трг младенаца 5, Нови Сад, Србија, а поднесено од САГА доо Белград, преку полномошник Адвокат Лилјана Стојановска од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 31.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу САГА доо Белград (SAGA doo Beograd) со седиште на Ул. Милентија Поповиќа 9, Нов Белград, Белград Србија и СМАРТ доо Нови Сад (SMART doo Novi Sad) со седиште на Трг младенаца 5, Нови Сад, Србија, по основ на стекнување удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-150
31 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

607.

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош (“Службен весник на Република Македонија” бр.145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за планирано доделување на помош и дополнителните информации за формата за известување за регионална помош на Истем Медикал ДОО Илинден бр. 10-151 од 03.01.2014 година поднесено од Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, на седницата одржана на 31.01.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и дополнителните информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-151 од 03.01.2014 година, поднесено од страна на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за планирано доделување на регионална помош на Истем Медикал ДОО Илинден, со седиште во Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 бр. 19, општина Илинден 1000 Скопје, Република Македонија, како корисник на државната помош, утврди дека:

1. мерката - ослободување од плаќање на данок на добивка за период од 10 години;
2. мерката - ослободување од плаќање на персонален данок на доход по однос на плати за вработените за период од 10 години;
3. мерката - ослободување од плаќање на данок на додадена вредност за увоз на добра во зоната, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка;
4. мерката -царински ослободувања и олеснувања
5. мерката - ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште;
6. мерката - ослободување од обврска корисникот на зоната да гради засолниште при градба на објекти во зоната, како и од плаќање на придонес за изградба, одржување и опремување на засолништето;
7. мерката - изземање од обрврска за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по утврдувањето на царински дозволените активности или употреба на производите и
8. мерката - доделување на грант за покривање на трошоците за изградба на објектите во зоната претставуваат доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони („Службен весник на РМ“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09 и 156/10) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлуката бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила законот за Технолошко- индустриските развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците во технолошко - индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија.

9. Мерката - доделување на грант за креирање на нови работни места во вкупен износ од XXX евра, XXX во денарска противвредност кој ќе се исплати не порано од 31.03.2015 година под услов корисникот на помошта да достави доказ за реализирани оправдани инвестициски трошоци во износ од XXX ЕУР и реализирани вработувања од најмалку 100 државјани на Република Македонија претставува државна помош во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош, која со оглед на фактот дека е наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за изградба на згради, погони и објекти за дизајн и производство на медицински и стоматолошки помагала

претставува регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено.

Уп. бр.10-151
31 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

608.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Трговското друштво Адрис група д.д., Хрватска и Кроација Осигурување д.д., Хрватска, а поднесено од Трговското друштво Адрис група д.д., преку Полномошници Леонид Ристев – адвокат од Скопје, Ѓорѓи Георгиевски – адвокат од Скопје, Љупка Новеска – дипломиран правник од Скопје, Ветон Ќоку – дипломиран правник од Скопје, Растко Петаковиќ од Србија, Бојан Вучковиќ од Србија, Бојана Миљановиќ од Србија и Вељко Смиљаниќ од Србија, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 06.03.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Трговското друштво Адрис група д.д., со главно седиште на Обала Владимира Назора 1, 52210 Ровињ, Република Хрватска и Кроација Осигурување д.д., со главно седиште на Мирамарска 22, Загреб, Република Хрватска, по основ на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…..03161, приходна шифра и програма 72231300.

Уп. бр.08-152
6 март 2014 година
Скопје

Претседател,
Благој Чурлинов, с.р.

609.

Врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11), а постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Дојче Телеком АГ (Deutsche Telekom AG), Германија и Конзорциум 1 С.а.р.л (Consortium 1 S.a.r.l), Луксембург, а поднесено од Дојче Телеком АГ (Deutsche Telekom AG), преку Адвокатското друштво Поленак од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 06.03.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

